Црвен крст на Република Северна Македонија
Kryqi i Kuq i Republikës së Maqedonisë së Veriut

ЦКА-ПХВ
ККА-РVН

# МАЛИ
# ПРОЕКТИ
# 2025



# ОДЛИЧНИ РЕЗУЛТАТИ И ОВАА ГОДИНА ВО РАМКИТЕ НА ПХВ ПРОГРАМАТА!

Вкупно 1 143 младинци реализираа 169 мали проекти, преку кои им помогнаа на 5 186 лица. Проектите беа насочени кон темата „Промоција на различности", а младите имаа можност да истражуваат, да спроведуваат активности, да промовираат вредности и, на крај, преку групна и тимска работа, успешно да ги реализираат своите проекти.

И оваа година, тие беа инспиративни, мотивирачки и поттикнувачки – со повик за акција и за правење добри дела во нашата заедница.

Пред вас е краток опис на сите проекти реализирани во 2025 година. Уживајте во ова несекојдневно четиво кое ги опишува големите дела на нашите волонтери – на модерните херои кои делуваат, менуваат и инспирираат.

Браво, ПХВ генерацијо 2025!

Горди сме на секој еден од Вас – а најмногу се радуваат оние на кои им го променивте животот!

***Алекс & ПХВ тимот***

# 170 ПХВ ПРОЕКТИ ЗА 2025 ГОДИНА

## 1. **ООЦК Берово -** Нишки на солидарноста

Целта на овој проект е помош на семејство кое го погодило несреќа – пожар и кое живее во супстандардни услови. Преку организирање на осмомартовски базар на кој се продавале честитки рачно изработени од учениците, колачи, книги, исто така и првоаприлски маски и донации успеале да соберат 30.000 денари. Со овие финансии младинците купија фрижидер за семејството и истиот им го доставија.

## 2. **ООЦК Берово -** Направи добрина, изгради иднина

Младите волонтери од ПХВ тимот имаа за цел да обезбедат сигурносна ограда со која ќе го опкружат дворот на Домот за деца со посебни потреби во Берово. За да го постигнат тоа, младите организирале хуманитарен натпревар во кошарка. Од собраните средства ја поставиле оградата, но исто така обезбедиле обувки, храна и лекови за тричлено семејство од Берово од социјален ризик. Овој тим имал поддршка од локалните бизниси и институции во вид на донација, обезбедување бесплатна спортска сала и брендирани ПХВ маички.

## 3. **ООЦК Берово -** Заедно можеме сѐ

Целта на проектот е да се изгради летниковец, односно катче каде што младите ќе уживаат во школскиот двор на ООУ „Дедо Иљо Малешевски" – Берово. Направено е идејно решение и младинците обезбедија потребни материјали од локалните пилани. Младинците информираат дека не добиле согласност од надлежните органи за изградба на летниковецот и затоа овој проект останува недовршен.

## 4. **ООЦК Берово -** Кога хармонијата на културите се претвора во симфонија на љубовта

Младите од Берово сакајќи да ја промовираат интеркултурата во нивниот град, решаваат преку музика да спојат култури, срца и луѓе. За да создадат

симфонија од различности, во која секој глас има вредност, тие прават креативни работилници на кои сами изработуваа дизајн, плакати, влезници, храна и маици за музичкиот концерт во Берово. Нивниот концерт ги охрабри сите да се дружат, поддржуваат и да веруваат дека и во случај на големи трагедии можеме да бидеме тука едни за други без разлика на културата, традициите, местата од каде што потекнуваме.

## 5. ООЦК Берово - Хуманоста нè прави луѓе

Целта на овој проект е младинците од овој тим да обезбедат комплетна облека за полуматура на дете од социјално загрозено семејство од с.Будинарци во Општина Берово. Со организирање на хуманитарна филмска вечер, за којашто самите подготвија постер со свој дизајн, филм и просторија за потребите на таа вечер, успешно собраа 10.320 денари. Со полни срца, младинците го завршија овој проект со подарување на комплетна облека за полуматура.

## 6. ООЦК Битола - Зборувај ми за една бајка

Целта на проектот е помагање на младинците со оштетен слух да се вклопат и социјализираат полесно со нивните врсници. Младинците сами учеле онлајн знаковен јазик, потоа организирале ликовна работилница со нив, организирале театарска претстава на знаковен јазик, работилница за учење на знаковен јазик со други ученици од нивното училиште „Кочо Рацин“. Сами изготвиле костимографија за театарската претстава “Пепелашка и уште нешто”. Исто така младинците организирале обука за прва помош за целната група со акцент на нивните посебни потреби како напади на епилепсија итн. Акцијата на младинците е доста обемна и разновидна во целиот тек на проектот.

## 7. ООЦК Битола - Корени на надежта

Младите со овој проект имаа за цел да го разубават паркот во Битола, место каде поминуваат голем дел од денот. По разговорот со комуналното претпријатие и со наставниците од земјоделското училиште, преку донација набавија садници од 62 ружи кои ги засадија во паркот. Овој проект е успешно реализиран.

## 8. ООЦК Битола - Вредноста на традицијата

Целта на овој проект е да ги зближи младите од различни културни, етнички и верски заедници од овогодинешниот ПХВ циклус, промовирајќи толеранција, разбирање и меѓусебна почит и да ги намали предрасудите, стереотипите и конфликтите кои можат да произлезат од непознавање и недоверба, создавајќи простор за отворен дијалог и соработка. Организиран е литера-

турен и ликовен конкурс, заеднички вечери за Ифтар и Велигден со посета на верски лица, младинците заеднички реализирале и различни креативни работилници за Велигден и 8 Март. Како трајна вредност од овој проект ќе останат снимени интервјуа со 7 значајни, познати и признати лица од Битола, од различна верска и етничка припадност. Проектот заврши со оформено пријателство од три девојки од македонско, албанско и турско потекло, за на крај заеднички да прослават роденден на една од девојките.

## 9. **ООЦК Битола -** Гласот на срцето

Целта на младите е помош на три самохрани семејства. Во првото семејство младите промениле прозори во собата каде живее семејството, во второто платиле сметка за струја и купиле лекови за едно дете кое боледува од тумор и во третото семејство купиле облека за децата, патики и тренерки. Организирале театарска претстава која ја подготвувале самите со свој текст, сценарио и костимографија, и тоа 2 месеци. На претставата присуствувале 850 лица, што е за голема почит како израз на хуманоста. Одлична промоција и ангажираноста на целата заедница.

## 10. **ООЦК Битола -** Книгите патуваат – Битола чита

Целта на овој проект е да се поттикне најмладата популација да се запознае со книгите и да се развие љубов кон истите и да има бесплатни книги за сите од најмлади до најстари, од сите видови жанрови така што еднаш неделно луѓето ќе доаѓаат на поставениот штанд и ќе си ги разменуваат. Младинците рачно напишаа писма за благодарност до најразлични групи на граѓани: доктори и медицински сестри во Итната медицинска помош, полициски службеници, пожарникари, најстариот библиотекар во НУУБ „Св. Климент Охридски“ Битола, вработени хигиеничари во училиштето ОУ „Коле Канински“, наставници од основите и средните училишта, ученици кои се соочуваат со потешкотии при учењето во ОУ „Даме Груев“, писмо за подршка до мајки на учениците од ОУ „Ѓорѓи Сугарев“ и ОУРЦ „Кочо Рацин“ Битола, стручна служба во ООЦК Битола, претседателката и бабички кои живеат сами. Тие направија три размени на книги. Склучија  соработка со НУУБ „Климент Охридски“ Битола и одржале работилница во ОУ „Гоце Делчев“ Битола, мултиетничко училиште каде најмалите, првачињата, имаа можност да слушнат приказни за храброст, трпеливост и после тоа да изработат свои срца на зборови.

## 11. **ООЦК Битола -** Мирис на кафе и приказни од срце

Ова е приказ за хуманата и социо-културна димензија на ПХВ тимот, којшто се определи да даде соодветна помош на една бабичка од Битола, осамена и со по-

треба за разговор, обезбедување на хигиена и храна. Битно е да се наведе дека групата освен помагање на баба В., си помагаат и себеси, со искуства и слушајќи ги нејзините приказни со знаења, поуки и насоки за животот. Нивните средби се исполнети со емоции и жед за повторна средба, што впрочем останува како покажан интерес и после проектниот ангажман. Младинците успешно реализираа 30 средби со бабичката. Средбите беа со цел поддршка во пазарење и одржување на хигиената во домот, а со тоа и за дружба со баба Вељанка.

## 12. **ООЦК Битола -** Рефлектор на добрината

Целта на овој проект е обезбедување на доволно финансиски средства за помош на две семејства, со дечиња со церебрална парализа, со цел да им се овозможи набавка на медицински помагала. Финансиските средства се обезбедени преку организирање на талент шоу во Центарот за култура, каде што младите од основните и средните училишта имаа можност да ги изразат своите таленти. За истото шоу беше формирана комисија и соодветно беа доделени награди. Дополнително од една фирма донирани се таблети за помош при настава.

## 13. **ООЦК Битола -** Камп детски насмевки

Целта на овој проект е обезбедување финансиски средства за поддршка на дете од сиромашно семејство да може да оди на летен едукативно - рекреативен камп со други деца од социјално загрозени семејства. Младинците организираа турнири во ракомет и футсал, преку кој собраа 15.650 денари, а ги уплатија на Хуманитарното здружение „Утешител" од Битола, како поддршка на летниот камп кој се одржа во последната недела од јули, каде што децата се дружат, учат разни социјални и емоционални вештини за социјализација и нивен натамошен развој.

## 14. **ООЦК Битола -** Модринки на душата

Целта на овој проект е создавање на краткометражен филм за врсничко насилство како ресурс што ќе се користи од страна на врснички едукатори за едукативни цели, во насока на поттикнување на свест кај младите за проблемот со булингот и нарушување на менталното здравје кај младите и децата. Младинците за идејата која ја имаа се консултираа со психолози, стручни служби и наставници, кои укажаа на сериозноста на проблемот и потребата од креативен пристап за едукација. Потоа подготвија сценарио за филмот, одржаа три генерални проби и во 5 сетови го формираа филмот. По монтирање на филмот, организирана е промоција во просториите на библиотеката, со слободен

влез, на којашто присуствуваа ученици, наставници, родители и претставници од институции. После прикажувањето на филмот одржана е панел дискусија со професори, социолог, самостоен инспектор при СВР Битола, коишто го искажаа своето мислење за филмот и одговараа на прашања на присутните. Во продолжение ќе следуваат работилници во соработка со основните и средни училишта. Со проектот беа опфатени училишта и институции во Битола, Новаци и Могила, а настанот е поддржан и медиумски од апла.мк.

## 15. ООЦК Валандово - Магичен агол

Целта на проектот е да се создаде безбеден, функционален и инклузивен простор за децата со попреченост од Дневниот центар во Валандово, преку изградба на парк кој ќе овозможи рекреација и социјализација. Просторот го израмнија и го избоија ѕидот каде заедно со децата ставаа отпечатоци од дланките и нацртано е логото на ПХВ програмата. Поставена е вештачка трева, а на неа голема трамболина, лизгалка, лулашка, гумени топки и цвеќе. За да ги обезбедат средствата младите правеа палачинки и ги продаваа во дворот на центарот. Исто така, организираа промоција на филм во основно училиште и опфатија 150 деца. За цело време младите ги посетуваа децата од центарот и со нив направија неколку креативни работилници за Велигден, за украсување на дворот и за јакнење на моториката, самодовербата и меѓусебната соработка. Во реализација на проектот, младите ги поттикнале и родителите на децата од центарот да земат учество и да помогнат во уредувањето.

## 16. ООЦК Валандово - Надеж

Учесниците во овој проект сакале да помогнат на двајца браќа чија куќа изгорела и во моментов живеат во приколка од камион. Обезбедени се 4 вреќи цемент, ќебиња и други материјали од Црвен крст, но нема никакви докази за понатамошна реализација на проектот.

## 17. ООЦК Валандово - Разиграни деца

Целта на овој проект е учество на младинци од македонска и турска националност од ПХВ на фестивал „Хит Бах Шен“ во село Чалакли, кој се организира во селото и трае 5 дена. Учениците го прават проектот преку соработка со фолклорни ансамбли и еден ден од самиот фестивал, младинците настапуваа со едно македонско и едно турско оро. На 6 мај во валандовското село Башибос беа претставени обичаите за празникот Хидралез, кој го слави турското население и го означува почетокот на пролетта. Таму младинците научија за различни традиции и обичаи во исламот.

## 18. **ООЦК Велес -** Корени на иднината

Целта на проектот е подигање на еколошката свест на населението во Велес. За таа цел младинците преку флаери, засадување на дрвца и чистење на јавните површини влијаеа за подобрување на екологијата во градот. Поставија и штанд за продажба на рачни изработки и сокови од кадешто собраа финансиски средства. Младинците во овој проект направија еко катче со поставување на клупи, изработени од палети и хортикултурно го разубавија просторот.

## 19. **ООЦК Велес -** Крилја од зборови

Сакајќи да овозможат соодветен едукативен развој, младите од Велес обезбедуваат 2 едукативни сета „Збор по збор“ и 2 математички табли за младиот А. кој има аутизам. Преку организација на повеќе различни базари на 1 март, 8 Март и Велигден, организација на пинг понг турнир, проекција на краткометражен филм и театарска претстава, тие не само што ги обезбедуваат едукативните материјали за детето туку и директно него го вклучуваат во некои од активности со цел да го анимираат и едуцираат. Со оваа поддршка, тие дополнително ја намалуваат финансиската тежина врз неговата самохрана мајка и овозможуваат подобри услови за квалитетен живот и поголема самостојност.

## 20. **ООЦК Велес -** Разлики што обединуваат

Младинците од тимот, во договор со стручна служба на СОУ „Гимназија Кочо Рацин“, добија консултативни препораки и согласност за спроведување активности за намалување на слабата комуникација и разбирање помеѓу учениците од различни етнички заедници, особено меѓу Македонци и Албанци, во однос на јазичните разлики и силната потреба од приближување и обединување во различностите. За остварување на целите реализирани се следните активности: работилница со дисеминација, презентација за Црвен крст, работилница со интерактивни игри и вежби за продлабочено запознавање и совладување на бариерите, работилници за запознавање и споделување на културни и традиционални искуства и градење на себепочит и почитување на другите, различното, особено преку дружење и интерактивни игри и вежби и учење на зборови и фрази на македонски и албански јазик. Како траен белег младинците заедно со учениците посадија дрво во дворот на училиштето, како симбол на негување и растење, зацврстување на заедничкиот интерс и потреби. Тимот и групата ученици, корисници, го трасираат патот за почит, разбирање, мир и благосостојба.

## 21. **ООЦК Велес -** Срце за секого

Целта на оваа група е да му помогнат на едно семејство згрижувачи кои веќе имаат згрижено две деца, да опремат уште една соба за да можат да обезбедат згрижување и топол дом за уште две деца. При посетата во домот на семејството, забележуваат дека е подигнат уште еден спрат, но собите воопшто не биле уредени, а сопругот се разболел и не може да доправи. Од овие причини, тие организираат многу настани за да обезбедат средства со кои ќе уредат соба за 2 деца, и тоа: работилница за изработка на мартинки, честитки за Осми март, организирање на турнир во одбојка, неколкукратно организирање на штанд од забавен карактер, работилница за изработки и штанд за Велигден, организирање Game time настан и хуманитарна забава. Успеваат да соберат средства за да купат мебел – ламинат, работна маса, столче, плакар и два кревета. Учесниците се вклучуваат во процесот од процена, до купување и барање монтажер. На крајот, успеваат да обезбедат целосно опремена соба, во која сега може да живеат две деца.

## 22. **ООЦК Велес -** Хумани срца за мали животи

Целта на проектот е да се обезбеди потребната медицинска опрема за Детското одделение на Велешката болница, со што се подобри квалитетот на здравствената нега за децата. Младите реализирале низа активности како велигденски базар, спортски турнир, ден на игри на Градскиот стадион, и со собраните финансиски средства купен е аспиратор за секрет за децата во болницата.

## 23. **ООЦК Виница -** Ехо на хуманоста

Целта на проектот е помош на еден од жртвите од трагедијата во Кочани, кој бил од Виница, и се лекувал во Грција од изгореници од трет степен. Младинците организирале големи и разни акции меѓу кои: продавање на цедевита и палачинки кои ги правеле сами, проекција на филм за мали деца, хуманитарен концерт, хуманитарен натпревар, велосипедска тура, турнир во мал баскет. На крај собрани се 30.000 денари кои се уплатени на сметка на младиот човек.

## 24. **ООЦК Виница -** Ангели на добрината

Целта на овој проект е трансформирање на домот на семејството С. од с.Блатец во топло и безбедно место каде што ќе се чувствуваат вредно и среќно (мајка и син кои се со здравствени потешкотии поради што не се работоспособни). Тим од 4 младинци организираа шест активности со кои обезбедија финансиски средства за купување на мебел и хигиенски средства за се-

мејството. Организираа штанд за продажба на јагоди со шлаг како учество на традиционалниот винички настан Тодорови трки (јагодите и шлагот се донација), потоа направија филмска вечер во с.Блатец, организираа лицитација (продажба на стари предмети), фудбалски турнир меѓу 4 екипи од кои една од Берово и за крај организираа фестивал „На сред село“ во соработка со ОУ “Кочо Рацин“. Младинците детално ги исчистија куќата и дворот на семејство, ги изнесоа сите непотребни работи и стариот неупотреблив мебел и со помош на 1 родител и вујко на членовите од групата спроведоа молерисување, поставување на нови светилки, нова корниза и завеса. После молерисувањето, младинците финално го исчистија и уредија домот со нов мебел.

## 25. **ООЦК Виница -** Светулки

Младите волонтери дошле до заклучок дека во Виница луѓето кои припаѓаат на групите кои се разликуваат по етничка припадност, здравствена состојба или други психо-физички недостатоци, се отфрлени и многу ретко се интегрирани во секојдневието. Преку донација обезбедија садници за пролетни цвеќиња и семиња кои ги засадија во дворот на Центарот за лица со посебни потреби заедно со штитениците на тој центар. Со истата група, за Велигден младите направија забавен лов на јајца, кои претходниот ден ги исфарбаа и декорираа во просториите на Црвен крст. За промоција на различните јазици, младите напишаа книга за деца со познати басни на македонски и турски јазик. Откако ја составија книгата, го изработија графичкиот дизајн за истата и со помош на донација од печатница ја испечатија. Истата ја читаа на македонски и турки јазик пред мешани групи во градинка. Исто така, организираа ораторска вечер во просториите на библиотеката и на овој настан присуствуваа волонтери од ООЦК Куманово. Прекраткото време не било доволно да ја реализираат последната идеја, да снимат песна на македонски, турски и ромски јазик со видео запис на истата со вклучен толкувач по знаковен јазик. Но, волонтерите не се обесхрабрија, туку напротив, и снимија скечеви за на ЈуТуб со силна порака против булингот и насилството кај младите.

## 26. **ООЦК Виница -** Наше Ехо за заедничко еко

Целта на овој проект е поубав и среден училишен двор во ОУ „Никола Парапунов” с. Драгобраште, Виница. Младинците организираа хуманитарен натпревар помеѓу КК Винеам и КК Малеш, при што собраа 20.670 денари и со истите набавија фонтана, соларен фенер, три големи саксии, цвеќе и семе за цвеќе и истите ги поставија односно засадија во школскиот двор за да биде поубав и среден. Младинците собраа 20 вреќи пластични шишиња и истите ги рециклираа во компанијата Винчини Виница од која што собраа доволно парични сред-

ства и истите ги донираа на СОС Детско село. Остатокот од паричните средства ги донираа на една од другите ЦКА ПХВ групи од ООЦК Виница. Младинците исто така организираа и одржаа и две Еко работилници со учениците од 6, 7 и 8-мо одделение.

## 27. ООЦК Виница - Силата која ги надминува пречките

Целта на овој проект е помош на семејство со две деца од 10 и 12 години, од селска населба, напуштени од мајка им, со починат татко, кои живеат со своите баба и дедо на 72 и 74 годишна возраст. За реализирање на целта организирани се следните активности: дводневно дружење со децата низ градот, филмска вечер во кинотека, психолошки час со училишен психолог, хуманитарна продажба на палачинки, хуманитарна продажба на крофни и хуманитарна претстава со скечеви. Со собраните финансиски средства и преку донации обезбедена е: перална, храна, сокови, масло, облека. Тимот ја споделува среќата со покажаната радост и среќа на бабата, дедото и особено двете деца.

## 28. ООЦК Гевгелија - Еко – страјк

Целта на проектот е да се поттикнат учениците од основните училишта во Негорци и Мрзенци да земат активно учество во еко акциите и еко едукациите кои ќе придонесат до зголемување на еколошката свест, критичкото размислување, превземање иницијатива и развој на чувството на одговорност. Тимот на волонтери реализираа 3 еко акции и 4 еко едукации во основните училишта „Ристо Шуклев“ – Негорци и „Владо Кантрарџиев“ – Гевгелија. Изработија и еко прирачник за сите активности кои ги организираа во рамките на овој проект. Во текот на целиот проект преку профил на мрежата “Инстаграм” креираа интерактивни содржини под мотото “Дали знаевте дека?”, споделувајќи интересни и едукативни факти за загадувањето, рециклирањето и грижата за природата.

## 29. ООЦК Гевгелија - Нова надеж

Целта на овој проект е помош на самохран татко со три малолетни деца којшто сака да им оспособи соодветна просторија за учење и престој. Децата се на возраст од 14, 9 и 2 години, поради што тимот се посвети да обезбеди доволно мебел за двајца ученици. Со креативни работилници и продажба на рачно направени нараквици и мечиња од волна на штандови во Богданци и Дојран во неколку наврати, успеваат да соберат средства од кои им обезбедија работни бироа, работни столици, една полица, две столни ламби и собен тепих, а преку донација обезбедија ранци, играчки, облека, обувки и храна.

## 30. ООЦК Гевгелија - Рамо до рамо

Целта на овој проект е градење на мостови на пријателство, разбирање и соработка помеѓу младите од различни култури, етнички и социјални средини во Општина Богданци. За да го реализираат тоа, младинците заедно со нивните врсници и соученици организираат повеќе активности кои овозможуваат дијалог и почит меѓу младите. Почнувајќи од денот на жената како повод, тие прават рачни изработки и базар за истите, потоа тие изработуваат видео со порака по повод денот на Ромите кое го објавуваат на социјалните мрежи. Откако работат со „повозрасните" тие организираат интерактивна работилница во градинката, по која следеше учеството на фестивалот „Диви смокви" каде младите подготвуваат домашна храна и ракотворби преку кои ги прикажуваат различните култури во Богданци. А за крај тие креираат неколку мурали на платна кои ги прикажуваат нивните разлики во секојдневието во нивното училиште.

## 31. ООЦК Гевгелија - Светлина

Целта на овој проект е да се подобри животот на корисничка со трајна нарушена подвижност, преку обезбедување на неопходни помагала кои ќе и овозможат поголема удобност, безбедност и достоинствена нега во домашни услови и во заедницата. За реализирање на целта организирани се следните активности: собирна акција на градскиот пазар во Гевгелија, креативна работилница по повод Велигден, собирна акција на Градскиот плоштад, хуманитарен настан – фитнес тренинг на отворено во Гевгелија. Младинците обезбедија мобилна инвалидска количка, а со собраните финансиски средства купено е помагало за олеснување на движење – одалка со држач за рака.

## 32. ООЦК Гостивар - Shpresa per jete / Надеж за живот

Целта на проектот е донирање на ортопедски душек и кревет за младото девојче Мирјета, која боледува од тумор. Исто така, младинците иницирале средба со специјалист преку што е обезбедено термин за снимање со магнетна резонанца. Преку организирање на футбалски турнир, собрани се вкупно 27.000 денари, од коишто купени се душек, кревет и прехранбени продукти за семејството на М.. Бидејќи на младинците им останаа повеќе пари, тие обезбедија клима уред и истиот го донираа во здружението на слепи лица во Гостивар.

## 33. ООЦК Гостивар - Melody of uniti

Преку проектот младинците сакаат да испратат порака дека различностите не се пречка, туку предност – нешто што не обединува, збогатува и не учи

да живееме заедно во хармонија. Неговата порака е универзална: да ги прифатиме разликите и да учиме едни од други. Овој проект е наменет за зближување на учесниците од овогодинешниот ПХВ циклус од македонска и албанска паралелка. За остварување на целта реализирани се следните активности: креативна работилница заедно со деца со посебни потреби, креативна работилница за дизајнирање и изработка на постер за хуманитарниот настан, обука за учење на турско, македонско и албанско традиционално оро, работилници за планирање и пишување на сценарио за хуманиратен настан, состаноци за учење на глума за настанот. Од хуманитарниот настан собрани се парични средства со кои се купени и донирани едукативни игри и материјали за паралелка за деца со посебни потреби во ОУ „Исмаил Ќемали“.

## 34. ООЦК Гостивар - Семејство на љубовта

Целта на проектот е зближување на две култури преку заеднички активности. Организирани се работилници со деца од одделенска настава, работилници за рачни изработки за Велигден и хуманитарен штанд со маскоти. Нацртано е дрво на пријателство во локалниот интернат, каде млади од различни култури преку оро и песна ја негувале традицијата и меѓусено ги запознавале културите.

## 35. ООЦК Гостивар - Филмот на победа

Целта на овој проект е обезбедување на основни електрични апарати и подобри услови за живот на баба Д,, со цел да се олесни секојдневието и да се врати достоинственоста. За реализација на целта, снимен е краток филм за секојдневието на баба Драга којшто е прикажан и искористен како мотив за донации. Со проекција на краткиот филм, собрани се 13.300 денари со кои е купена правосмукалка, мала единечна електрична печка, електричен бокал за вода и тостер.

## 36. ООЦК Гостивар - Мал дом, големи срца

Целта на овој проект е помош за 10 деца сместени во ученичкиот дом „Седек Костоски“ во Маврови Анови. Младинците организираа кошаркарски натпревар помеѓу КК Гостивар и КК Црн Дрим, а за истиот направија креативна работилница за дизајнирање на билети, постери и благодарници. Потоа организираа хуанитарен музички концерт, за што направија секојдневна кампања за промоција и информирање на граѓаните, 2 работилници за дизајнирање на билетите и постерите. Со собраните средства, младинците купија телевизор, соковник, фен за коса, но и USB кое може да се користи за телевизорот. Дополнително, купија

друштвени игри и секаков прибор за децата од ученичкиот дом, и за креативната работилница која ја реализираа за нив.

## 37. ООЦК Делчево - Мали раце, но големо срце

Целта на проектот е помош на семејство С. (5 члено семејство со 3 мали деца) преку уредување на нивната куќа. Со помош на разни акции, собрани се вкупно 56.421 денари и тоа преку проекција на филмот Џиновската круша (продадени 203 карти), хуманитарен фудбалски турнир, ликовен конкурс, филмот A dog's purpose, конкурс за најубаво декорирано велигденско јајце, донација на црквата "Успесение на Пресвета Богородица", градинката со малите деца, турнир во мал фудбал од рудник Саса. Со собраните средства и со помош на донации, обезбедени се: петосед, масичка, плакар, висечки елементи, фрижидер, поликолор, хигиенски производи и облека за бебето во семејството.

## 38. ООЦК Делчево - Искра на надеж

Целта на младинците со овој проект е подобрување на условите за живот на седумчлено семејство од с. Дулица, Општина Македонска Каменица кое има 4 малолетни деца, 1 со попречености во развојот, 1 дете со аутизам, таткото има хендикеп и не е работоспособен, мајка која мора да се грижи за дечињата и не може да работи и баба која има алцхајмерова болест. Со организирање на проекција на филм, фолклорен концерт, Велигденски базар и продавање на домашни слатки на градскиот пазар, младинците обезбедија доволно финансиски средства за помош на семејството. Набавени и монтирани се сончев колектор, метална ограда на терасата за безбедност на дечињата, плакар за алишта, голема семејна кујна, а со помош на донации обезбедени се два троседи за во дневната соба. Младинците направија огромно дело и промена на животниот тек на ова семејство. Дополнително, групата организираше средба во детската градинка во Делчево каде што играа игри, пееја песнички, цртаа, боеја и се дружеа со дечињата.

## 39. ООЦК Делчево - Подадена рака

Целта на овој проек е да се помогне на 3 социјално загрозени семејства, коишто заради одредени психо-физички проблеми на одредени членови не можат да работат и затоа не можат да ги задоволат најосновните потреби за храна и хигиена. За таа цел младинците организираа собирна акција, а потоа и турир во фудбал. Од обезбедените парични средства набавија 3 пакети со храна и средства за хигиена и ги подарија на семејствата. Младинците со овој гест можеби не успеаја трајно да го решат нивиот проблем, но затоа пак им ја

вратија вербата  дека на овој свет не се сами и уште постојат добри луѓе кој несебично помагаат.

## 40. ООЦК Делчево - Пријателство во различноста

Целта на проектот е интеграција на Роми од основно училиште во Делчево. Младинците организираат различни активности за вклучување на Ромите со ученици од останати националности преку заеднички активности, играње шах, карти, возење на велосипед и велчење јаже. Учениците од различни етникуми заднички посетиле црква и џамија и одблиску се запознале со двете култури.

## 41. ООЦК Делчево - Обединети во различностите

Целта на овој проект е подобрување на условите за живот на млад брачен пар (сопругата бремена) од ромска националност. Младинците за реализирање на целта ги организираа следните активности:  акција за собирање донации по фабрики, фирми и ресторани, акција на градскиот пазар каде што подаруваа рачно изработени украси, хартиени срца, цвеќиња и собираа донации од минувачите, филмска вечер во просториите на ООЦК каде што присуствувале децата од петто до деветто одделение од основните училишта, акција за подготовка на домашни колачиња и нивна продажба пред големиот градски маркет Super Kid Go, кога добиле и донации од мебел. Потоа младинците набавија материјали за варосување и ја варосаа собата. На крај купија фрижидер, греалка, шпорет и храна за во фрижидерот и ги доставија до фамилијата.

## 42. ООЦК Демир Хисар - Ана и Аце

Самохран татко со голем процент на оштетен вид и две малолетни дечиња од село Жван се целна група на младинците. Групата има за цел да помогне на ова семејство со она што за нив е најпотребно, а тие побараа кревет, телевизор и велосипеди. Младинците преку организирани хуманитарни акции како турнир во одбојка, музички концерт со млади талентирани деца од Демир Хисар, Битола, Ресен и с.Смилево и Велигденски базар со свои рачни изработки обезбедија финансиски средства со кои купија кревет за децата. Притоа со поттик од својот ангажман и анимираност низ цел Демир Хисар, младинците ги мотивираа вработените од Полициската станица да донираат облека и обувки за децата, кабловскиот оператор Кабтел фибер да обезбеди кабелски приклучок и бесплатна претплата за 6 години (72 месеци) и Општина Демир Хисар да донира телевизор. Додадена вредност е што младинците

дадоа придонос за спасување на видот на таткото т.е обезбедија финансиски средства за контрола и хируршка интервенција. Во меѓувреме тимот остави трајни добра во вид на поголемо ангажирање на А. околу математиката и поголема одговорност околу чистење на куќата од страна на А..

## 43. ООЦК Демир Хисар - Од Бајрам до Велигден

Целта на овој проект е зацврстување на пријателските релации на самиот тим, којштo е составен од ученици во с.Смилево, од муслиманска и христијанска вероисповед. Тие разменуваа информации и искуства во тимот, ги посетуваа своите семејства со различни верски, религиозни и социјални традиции, приготвуваа храна и разменија искуства од различни адети за верските празници, како што се Велигден, Рамазан и Курбан Бајрам. Како дополнување на знаењето од страна на целиот тим направени се контакти со свештено лице во манастирот Св. Петар и Павле во с. Смилево и со имамот на џанијата во с. Обедник. Успешно се реализирани следни активност: изработка на честитки за 8 Март на македонски и албански јазик, дружење и едукација на 50 ученици за мир, толеранција и соживот, обезбедена донација на книги на македонски и албански јазик, заеднички пикник и дружење на учениците. Најважниот интеркултурен настан е организиран и реализиран во сала на нивното училиште во с. Смилево, при што се приготвени и презентирани различна храна, рецитали и пеење на македонски и албански јазик, и други културни содржини, пред ученици и наставници од училиштето, гости и присуство на градоначалник на општина Демир Хисар, со што е дадено посебно значење на настанот за мирниот соживот во заедницата.

## 44. ООЦК Демир Хисар - Паркот се буди

Целта на овој проект е чистење на паркот и создавање на едно пријатно уредено катче за мали собиранки со многу смеа, радост, одмор и релаксација. Младинците рачно го исчистија теренот, но и со помош на мештаните со механизација. Преку волонтерско ангажирање во општествено одговорни компании, младинците обезбедија фонтана, 6 вреќи цимент, четки и бои. На крај, младинците го трансформираа постоечко катче кое беше запуштено, неуредно и запоставено во убаво уреден простор.

## 45. ООЦК Демир Хисар - Среќна безгрижна игра

Целта на овој проект е да се обноват сите искршени и дотраени реквизити во дворот од детската градинка „2 Септември“, така што ги офарбаа сите реквизити во игралиштето, посадија цвеќиња, ги наполнија базените со ситен

песок, поставија тунел од гуми и сè тоа го постигнаа сами преку метод научи па практикувај. За да ги обезбедат средствата и материјалите, тие прво организираат уличен турнир во кошарка, од таму обезбедуваат парични средства и купуваат дел од материјалите. Потоа преку ангажирање на заедницата тие добиваат донација на 20 гуми од автолимарски сервис, и песок од градежна фирма. Но, сепак им фалат дел од средствата за да обезбедат доволно дрва, па така тие имаат обука за обработка и заштита на дрво за куќарките во локалната столарска работилница, таму волонтираат еден ден и со тоа го добиваат обработеното дрво за обнова на детското игралиште. На крај, го искосија и исчистија од трева и друга вегетација целиот двор на градинката, по што го претворија во едно сосема ново катче за безгрижна детска игра.

## 46. **ООЦК Кавадарци -** Гардијаните на земјата

Целта на овој проект е да се засадат дрвца и цвеќиња, да се подигне еко свеста, да се зголеми бројот на посетители и корисници на паркот. Младинците преку овој проект реализираа низа активности, и тоа: изработка и споделување на презентација за денот на екологијата, изработка на еко-квиз, изработка и доделување на дипломи, набавка на расадници и цвеќиња и засадување на истите.

## 47. **ООЦК Кавадарци -** Подадена рака

Целта на проектот е донација на домашни апарати, односно машина за перење алишта, електричен шпорет и намирници и прехранбени продукти на самохрана мајка со 3 деца, кои се нивни соученици. Собрани се 28.875 ден. преку разни собирни акции меѓу кои: изработка и продажба на честитки за 8 Март, хуманитарен музички концерт, хуманитарна акција, собирање на средства од фирми во градот. Проектот успешно е реализиран.

## 48. **ООЦК Кавадарци -** Светот како мозаик

Целта на овој проект е да создаде услови за дружење на деца од различна етничка и верска припадност во основното училиште ООУ „Димката Ангелов Габерот" Кавадарци, да се поттикне создавање на нови пријателства, да се научи нешто повеќе за културата на останатите преку училишните и активностите надвор од училиштето. Сите активности се реализираа во самото училиште со поддршка на наставниот кадар. ПХВ волонтерите и учениците правеа мозаик од избоени гравчиња, презентираа информации за сличностите и разликите помеѓу различни религии, танцуваа под мотото „Танцот обединува", вапцаа јајца за Велигден и организираа турнири во одбојка и

фудбал. За време на сите овие активности, децата од различните национал-ности се дружеа.

## 49. ООЦК Кавадарци - Нова Шанса

Младите од овој проект имаа за цел да обезбедат помош на тричлено семејство (мајка, татко и ќерка) преку реновирање на нивната куќа. Младинците обезбедија изолација, ламинат, ги санираа ѕидовите, направија нова кујна и ставија нова влезна врата. За да го направат сето тоа, тие организираа различни активности како: ликовен конкурс, турнир во мал фудбал, игри без граници и продажба на крофни. Овој проект е со голема промоција и ангажираност на заедницата.

## 50. ООЦК Кавадарци - Рацете на иднината

После увидување на состојбата во која живее семејство во Кавадарци составено од самохрана мајка на 3 деца, младите се мотивираат да обезбедат пристоен простор за кујна и да постават кујнски елементи во истата, а со тоа и да ги елеминираат причините за појава на алергии и други здравствени проблеми кај децата. Преку организација на повеќе настани меѓу кои и продажба на мартинки и слатки вафли, а потоа и 2 филмски вечери и една велосипедска трка, младите успеваат да ја остварат својата цел. Тие ја отстрануваат мувлата од домот на семејството и адаптираат и опремуваат простор со целосна кујна во куќата на семејството.

## 51. ООЦК Кавадарци - Хуманост пред сѐ

Целта на овој проект е помош на едно семејство составено од баба и двајца внуци, кои живеат во многу тешки услови, а немаат никакви финансиски средства –внуците се мали, а бабата не прима пензија. Преку организирање на низа активности – донации до компании, креативни работилници и штандови, но и натпревар во одбојка, натпревар по математика и како финале – претстава од учениците во едно училиште, успеваат да соберат средства и да обезбедат влезна врата, прозорец, градежен материјал за санирање на скалите и фрижидер. Дополнително обезбедија и пакет храна и средства за хигиена.

## 52. ООЦК Кичево - Велигденски базар

Целта на проектот е набавка на постелнини за потребите на болницата во Кичево. Младинците реализираат собирна акција преку продажба на велигденски изработки и топол чај. Со собраните средства купуваат 11 комплета

постелнини и 10 пара пижами, како и еден апарат за притисок и ги донираат во болницата во Кичево.

## 53. **ООЦК Кичево -** Нашата култура

Целта на овој проект е да дознаеме и да научиме повеќе за двете култури, да ги споиме луѓето во нашата заедница и да докажеме дека сите сме исти без разлика на нашата вера, боја на кожа, финансиска состојба и сл. За таа цел младинците организираа културно уметнички настан, односно концерт на кој се рецитираше македонска и албанска поезија, се презентираа обичаи и настап на двајца млади со клавир и гитара.

## 54. **ООЦК Кичево -** Работи и израдувај срце – Puno dhe lumturo një zemër

Целта на овој проект е помош на семејство кое има дете со аутизам. Преку продавање на рачни изработки, младинците купија и подарија телевизор за семејството, којшто ќе го стимулира развојот на детето.

## 55. **ООЦК Кичево -** Miresia qe ben ndryshim – Добрината што прави разлика

Целта на проектот е донирање на постелнина и апарати за притисок на одделението за кардиологија во болницата во Кичево. Младинците организираа турнир во одбојка во нивното училиште преку кој собраа 10.000 денари, со кои се купени средствата. Младите успешно го реализирале својот проект преку реализација на зацртаните активности.

## 56. **ООЦК Кичево -** Loja per jeten / Игра за живот

Целта на проектот е донација на инхалатори, апарати за притисок, топломери и завеси за потребите на одделот Педијатрија во болницата во Кичево. Финансиските средства со кои се купени материјалите, обезбедени се преку организирање на турнир за одбојка во нивното училиште. На турнирот имало голем одзив, и се собрале 20.000 денари.

## 57. **ООЦК Кочани -** Лалиња

Со изработка и продажба на честитки за 8 Март и со донации, младинците обезбедија потребни реквизити за чистење и уредување на катче пред Домот на култура во Кочани. Младинците го исчистија катчето, ги бојадисаа клупите и поставија соларни висечки светилки за осветлување на истото. Завршна активност им е дружба со други волонтери од Клуб на млади, вработени во

Црвен крст Кочани и млади лица кои имаат изгубено близок од семејството во трагичниот пожар, сѐ со цел поддршка и сплотување. Со овие активности младите оставија не само едно катче за дружба, туку и траен спомен за другарите волонтери.

## 58. ООЦК Кочани - Пеперутките од ПХВ

Со овој еко-проект, тимот имаше цел да го уреди дворот на училиштето и да го направи катче за дружење и одмор за учениците. Во консултација со училиштето, учениците и родителите, одлучиле да ја офарбаат оградата, да побараат палети и да направат клупи, како и да направат лулашка од стари гуми. Сепак, до завршување на проектот не им пристигнале материјалите, поради што само го исчистиле дворот.

## 59. ООЦК Крива Паланка - Подадена рака

Целта на проектот е подобрување на условите за живот на двочлено семејство од Крива Паланка. Младинците ја исчистија единствената соба во која живеат, ја офарбаа и поставија ламинат. Обезбедените материјали се донација од локални општествено одговорни компании. Дополнително обезбедија бањарки, долна облека, облека, обувки, крпи и прекривки.

## 60. ООЦК Крива Паланка - Промена започнува – сега

Целта на овој проект е помош за ученик, петнаесетгодишникот Д. и неговиот татко, кои се во социјален ризик, живеат под кирија во простории во кои нема елементарни услови за живеење, нема соодветна можност за греење (оваа зима живееле во студ), немаат машина за перење и перат на рака. Преку креативна работилница и продажба на украсни свеќи и кутии за пакување и нивно продавање, собрани се средства со коишто купена и доставена им е машина за перење.

## 61. ООЦК Крива Паланка - Мал чекор – голема промена

Целта на младинците со овој проект е да се зајакне свеста кај децата од ООУ „Илинден“ за човековите права, еднаквоста и важноста на социјалната инклузија, преку поттикнување на меѓуетничко дружење, заедничка едукација, толеранција и соживот за да се чувствуваат вреднувано, поддржано и еднакво вклучено во општествениот живот. За таа цел младите органзирале едукативна работилница со деца од ромска националност со квиз - прашања од областа религија, историја и културата на македонската и ромската етничка заедница. Потоа организирале заедничка ак-

ција за чистење на кејот на Крива река, собирање отпадоци и засадување садници со цвеќиња. Учесниците во проектот, особено децата од ромска етничка припадност, искажале зголемена самодоверба и мотивираност за понатамошно дружење и учество во слични активности со другите деца.

## 62. **ООЦК Крива Паланка -** Заедно за добро

Целта на овој проект е да се обезбедат основни средства за живот на двајца браќа од село Подржи Коњ оддалечено од Крива Паланка на 40 км. Помогнато е со храна, хигиена, душеци и перници за спиење, покривки, облека, со цел да се подобрат животните услови на двете лица кои во моментов живеат во несоодветни и нехумани услови. Преку собирни акции младинците обезбедија и донираа храна, хигиенски производи, облека, душеци, перници, јоргани и ќебиња.

## 63. **ООЦК Крушево -** Мојата училинца

Целта на овој проект е чистење и уредување на библиотеката во училиштето на членовите од групата, која се наоѓа веднаш спроти нивната училница и истата е во многу лоша состојба. Инаку, ова е омиленото место за собирање, читање, разговори и други активности на учениците. Зборувале со директорката и педагогот, кои се согласиле со нивната идеја и им обезбедиле средства за чистење, додека библиотекарите и техничкиот персонал им помогнал со класификација на книгите. Откако го средиле просторот, се договориле дека тој простор понатаму ќе се користи и за состаноци за училишниот клуб на Црвен крст кој ќе се активнира од идната година.

## 64. **ООЦК Крушево -** Срце за сите

Целта на овој проект е да се помогне на самохрана мајка од Крушево. Младинците преку организирање осмомартовски базар и одбојкарски турнир собрале средства при што обезбедиле храна, хигиенски производи и облека за семејството.

## 65. **ООЦК Крушево -** Власите чувари на традицијата низ вековите

Младите од Крушево, поттикнати да ја промовираат интеркултурата во нивниот град, решаваат да ги промовираат најблиските до нив, Власите. Тие организираат неколку акции насочени кон истражување на корените

и традициите на Власите во Крушево. Имаат неколку интервјуа со локалци, како што е нивниот професор по влашки јазик и со локалните влашки семејства, локални музичари коишто им споделуваат и влашки песни и ора. Дополнително, учат да го играат влашкото оро Кавала.

## 66. **ООЦК Куманово -** Hope is us

Младите со овој проект имаат за цел да помогнат на лице со посебни потреби кое не може да се движи без помагало. Преку неколку собирни акциии успеале да соберат доволно средства, успешно обезбедија инвалидска количка и ја предадоа на корисникот. Им немаше крај на нивната среќа заради среќата на корисникот.

## 67. **ООЦК Куманово -** We tried, we did

Целта на овој проект е неопходна помош на шесточлено семејство со ниски финансиски примања. Преку организирање на хуманитарна забава обезбедија средства да им ја реновираат спалната соба и да обезбедат мебел. Младинците заедно со мајсторите помогнале во реновирањето на просторот.

## 68. **ООЦК Куманово -** Work smart not hard

Целта на овој проект е да се вработи едно младо лице. Волонтерите решиле да направат кампања и дискусија со која ќе ја адресираат невработеноста меѓу младите. Тие одлучиле да разговараат со дипломирани млади лица и студенти за да им дадат совети и насоки како може да се адаптираат на пазарот на трудот. Младите успеале да вработат една од интервјуираните лица.

## 69. **ООЦК Куманово -** Иднина

Целта на младите волонтери со овој проект е да ги обучат младите ученици од семејства со ниски примања за IT технологија. Тие одржале онлајн работилници каде што една од волонтерите (студентка по програмирање) држела курсеви за програмирање. Преку овој проект се отвораат многу нови можности за лицата во социјален ризик но и истиот помогна во зајакнување на нивните капацитети.

## 70. **ООЦК Куманово -** TE CAKAM - TE DUA

Поттикнати од различностите и мотивирани од желбата за запознавање на останатите култури во Куманово, 12 младинци поставиле за цел да ор-

ганизираат работилници од едукативен, информативен и забавен карактер на кои ќе се дружат. Младинците од различна етничка припадност поминуваа време заедно играјќи друштвени игри, го промовираа својот и учеа за фолклорот и јазикот на другите, посетија музеј, заедно твореа на креативните работилници, заедно прославуваа Велигден и Бајрам. Посетија стари занаетчиски работилници во градот. Младите преку својот пример сакаат да пренесат порака за мир и толеранција.

## 71. **ООЦК Куманово -** Мост од Генерации

Целта на овој проект беше спроведување хуманитарни активности во Домот за стари лица „Зафир Сајто“ во Куманово, за 160 стари лица. Како поставени цели се: дружење со интеракција за промена на рутина и споделување искуства и приказни од старите лица за младите, како и пораки за животот и иднината за младите, почнувајќи од членовите на групата и дополнително потребно е обезбедување на прибор за јадење и средување на простори на домот, како би се олеснил социјалниот и функционален дел на старите лица. За реализација на поставените цели, направени се следните активности: два пати неделно дружење, дијалог, читање, поезија и подготвителни тематски работилници како „Животна приказна“, „Порака до Тебе“ наменети за младите, креативна работилница за изготвување честитки за 8 Март, време поминато заедно со насмевки; креативна работилница за вапцање велигденски јајца и украси и споделување со старите лица за Велигден, чистење на дворот на домот; тематска работилница за спомените за Куманово.

## 72. **ООЦК Куманово -** Различни срца со исто срцебиење

Целта на овој проект е да се промовира македонската култура на начин на кој ќе ги инспирира Македонците, но и сите народи кон поголема почит кон дедовинската оставина. Младинците сакаа да го скршат стереотипот дека разговорите за културата и традицијата не се разговори за млади, туки исклучиво за повозрасните или пак за политичко ориентираните, стереотипот дека доколку сме заинтересирани во историјата, ние живееме со глава свртена кон назад. Младинците за таа цел посетија музеј, имаа читање на поезија ,преку игри сакаа да се зголеми знаењето за историјата и Македонскиот јазик, гледаа македонски филмови, се запознаа со традиционалните македонски занаети и друго.

## 73. **ООЦК Куманово -** Ритамот на хуманоста

Гледајќи ги условите во кои живеат нивните сограѓани, младите од Куманово преку организација на ораторска вечер и базар со рачни изработки од учениците, успеаја да обезбедат шпорет и теписон за самохрана мајка и ќерка со пречки во развојот. Со тоа тие успеваат да ја постигнат својата цел и да обезбедат основни услови за подобар живот на ова двочлено семејство.

## 74. **ООЦК Куманово -** Сигурен чекор

Целта на овој проект е подигање на свеста кај граѓаните за безбедноста во сообраќајот, да поттикнат почитување на правилата и да помогнат на лице кое доживеало тешки повреди од сообраќајна незгода, и во моментов единствена алатка му е компјутер, кој нему не му функционира и му е потребен нов. Младите двете цели ги постигнуваат со активности кои ги водат паралелно: креираат и делат флаери за безбедност во сообраќајот кои самите ги прават, организираат работилници за безбедност во сообраќајот во соработка со училишта и МВР,  организираат обуки по прва помош, реализираат базари на рачни изработки и прават изложба на кучиња за да соберат финансиски средства. Младинците обезбедија нов лаптоп и маус, кои му ги подарија за роденден и го изненадија корисникот дома со торта и прослава.

## 75. **ООЦК Куманово -** Твојата рака нивна надеж

Целта на овој проект е обезбедување на дел од парични средства кои ќе се вложат во операција за неуророботска рехабилитација за девојче А.; креирање на креативни содржини со кои децата уште од најмала возраст би можеле да осознаат за тоа со какви сè лица можат да се сретнат во детството и животот, какви се нивните потреби и како правилно се постапува кон нив. Реализирани се следните активности: дружба со децата од центарот за деца со пречки во говор ,,Логолино", составување на сложувалка со корисници од здружението на лица со попреченост ,,Порака Наша", организирање на инклузивен настан ,,Игри без граници", психолошка работилница со родители и асистенти во ОУ „Кочо Рацин“, едукација на тема попреченост кај децата во ООУ ,,Христијан Карпош" и претстава во истото училиште, психолошко рандеву со панел дискусија, кафе – дружба, изготвување на боенката за деца од 5 до 9 години, собирна акција во 3 училишта, гледање театарска претстава, прослава на роденден на корисник од здружението ,,Порака Наша", посета на градски маскенбал, пишување на книгата:

„Ако успеале тие, ќе успееш и ти!", проследување на боенката и книгата по е-пошта до училиштата и дневните центри во регионот, дружба во слаткарница, инклузивна велигденска работилница за деца со фондација „Дарио Петровски", испишување на прирачникот за азбуките на лицата со попреченост и праќање во е-форма, посета на фризерски салон.

## 76. **ООЦК Неготино -** Под отворено небо

Целта на овој проект е да се создаде еден пријатен, функционален и инклузивен простор каде што учениците ќе можат да учат, соработуваат и да се развиваат во природна и поттикнувачка средина. За таа цел младите од тимот ја ангажираат нивната заедница преку повеќе различни активности и успеваат да уредат слободен простор во нивниот училишен двор како училиница која ќе можат да ја користат сите наставници и ученици од СОУ „Св. Кирил и Методиј". Тие создаваат безбеден, функционален и поттикнувачки простор на отворено, но пред тоа ги поттикнуваат своите соученици да научат повеќе за бројот Pi (Пи), по повод денот на Пи. Притоа ги мотивираат младите да донираат за подобри услови за училницата преку, турнир во одбојка и пинг понг, продавање на мафини, дневна забава и планинарска акција.

## 77. **ООЦК Неготино -** Различности што обединуваат

Проектот има за цел да поттикне едукација, инклузија и интеркултурен дијалог преку креативни, едукативни и спортски активности со лица од различна етничка припадност и социјален статус. Преку заеднички активности со дневниот престој „Порака Неготино" - Неготино се промовираше почитување, разбирање и прифаќање на различностите. Реализирани се: креативни работилници за Велигден - изработка на гипсени фигури, обуки по информатика - Microsoft Word и Microsoft PowerPoint, презентирање на етничките заедници (македонска, турска, ромска, албанска), креативна работилница „Дрво на пријателство", работилница со Partnership Macedonia - Updates from the Lees, интерактивни игри, игри за поттикнување на моторичките вештини, со акцент на нивниот личен развој и учество.

## 78. **ООЦК Неготино -** Светилка на човечноста

Целта на овој проект е помош на лицето А. А. во Криволак, кој е во потежок социјален статус, невработен, сам и во социјална изолација, во си-

ромаштија, без потпора, во трошна куќа, без можност за соодветна хигиена, без елементарни услови за приготвување и затоплување храна и лоши сместувачки услови, и без соодветни санитарни услови. Направен и контакт со лицето, пријатно изненаден и прифатени членовите на тимот. За обезбедување на финансиски средства и набавка на градежни материјали, бои, собен мебел, кујнски елементи и средување на ходник, реализирани се: хуманитарен фудбалски турнир, планинска хуманитарна тура, дневни дружења со продавање сокови и други безакохокни, хуман базар и дружба со маски. Извршена е набавка на потребен материјал, мебел, бела техника и санитариски елементи: цемент, мрежа, песок, лепак, храна за лицето корисник и мајстори, три кревети, две маси, тепих, перална, ќебиња, ламинат. Реализирани се ѕидни и молерски активности, набавен мебел и санитарии и вратена надеж и волја кај лицето, со упатена искрена благодарност и насмевка со солзи радосници.

## 79. **ООЦК Неготино -** Топол агол за нови спомени

Целта на овој проект е помош на трочлено семејство (мајка, татко и дете од 5 год), социјално ранлово и со здравствени проблеми, коешто има потреба од шпорет за топлење и готвење, ламинат, биро за потреби на детето, боенки и дрвени боици, гарнитура и фотеља, столна ламба и ламба, шише и пакет млеко за детето. За остварување на целта и обезбедување финасиски средства реализирани се следните активности: организирана ораторска вечер, организиран настан Денови на поезија со мото „Поетско срце на хуманоста“, организиран настан и литературен конкурс „Со книга во раце хуманост во срце“, хуманитарен турнир во фудбал и одбојка. Со собраните финансиски средства, обезбедени се ламинат, собна гарнитура и фотеља.

## 80. **ООЦК Неготино -** Магичен цвет

Целта на овој проект е обезбедување машина за перење, гардеробер и трпезариска маса, храна за подолг рок, облека и обувки за петчлено социјално загрозено семејство од ромска националност (мајка, татко и 3 малолетни деца) од село Пепелиште. Младинците најпрво организираа осмомартовска работилница и базар за продажба на изработките, потоа направија велигденски украси и базар со продажба на крофни, мафини и пуканки, реализираа акции за собирање храна и облека во две училишта во Неготино, а собраните донации беа внимателно спакувани и сортирани лично однесени кај семејството. Потоа младинците организираа хуманитарен фудбалски турнир, турнир во одбојка и пинг понг, а со собраните

средства од сите активности купени се машина за перење, гардеробер и трпезариска маса за петчленото семејство.

## 81. **ООЦК Охрид -** Насмевката нема јазик

Целта на оваа група на млади од Охрид е поврзувување на ученици од училиштето „Братство и Единство“ кои се од различна култура. Со овој проект опфатени се 16 ученици од различна етничка припадност. Волонтерите реализираа 3 едукативни работиници, 2 работилници за игри и 2 креативни работилници. Собраа 11.000 ден. кои беа искористени за реализација на активностите.

## 82. **ООЦК Охрид-** Нови корени

Целта на овој проект е обновување и адаптирање на простор во одделот за Геријатрија при Општа болница Охрид и овозможување на модерен современ систем за влез и излез на вработени со специјални картички. Младинците успеаја да обноват и дел од старото осветлување и да ги заменат светилките со нови. Исто така ги исфарбаа ѕидовите и вратите, поставија полица и го преместија небезбедниот телевизор на безбедна и стабилна позиција, и за крај поставија систем за контролиран влез и излез од оделот за зголемена безбедност на пациентите и персоналот. Детално ги исчистија сите простории, направија корекции и подобрувања во ходникот. Преку три акции за собирање финансиски средства, со продажба на рачно изработени белегзии и продажба на рачно изработени велигденски украси, младинците успеаја да купат потребни материјали за реализација на нивната цел.

## 83. **ООЦК Охрид -** Растеме со природата

Целта на овој проект е да се едуцираат децата уште од најрана возраст за планетата Земја, односно важноста на екологијата за здрава средина. За таа цел младинците имаа едукативни работилници во градинките за деца од 4 до 6 годишна возраст. На работилниците ги учеа децата како се селектира отпад и како се рециклира и сето тоа низ цртежи и игри како што е најсоодветно за нивна возраст. Исто така ги учеа и за лична хигиена. Младинците продаваа мафини, проја и палачинки и од собраните средства купија садници и цвеќиња коишто заедно со дечињата ги посадија во една од градинките во Охрид. Заедно со дечињата го нацртаа и симболот на Црвениот крст на хартија и го украсија со капачиња.

## 84. ООЦК Охрид - Светот на тишината

Целта на проектот е вклучување на лица со оштетен слух во активности со цел подобрување на нивната благосостојба и разбирање од заедницата. Младинците присуствуваа на состаноци на локалното здружение на лица со оштетен слух, организираа планинарење со нив и работилници за учење на знаковниот јазик.

## 85. ООЦК Прилеп - Јовановски

Целта на проектот е помош на 4 члено семејство Јовановски, чија куќа изгорела пред кратко време во пожар и била значително оштетена. Младите организирале состанок со семејството и одлучиле да направат неколку собирни акции низ училиштата, станд-ап настап на комичар (подоцна откажан поради трагедијата во Кочани), продажба на мартинки и слатки кои ги спремија самите младинци. Со сите овие акции, собрани се 32.800 денари, со кои се купени градежни материјали за возобновување на кровот на куќата, молерисување и белеење.

## 86. ООЦК Прилеп - Насмевки

Целта на овој проект е да се помогне на едно дете од социјално загрозено семејство коешто има потешкотии во говорот, на тој начин што ќе му купат таблет и инсталираат апликации којашто ќе му помогнат за вежбање на говорот. Младинците покрај таблет обезбедија храна и облека на семејството, преку собирни акции, продажба на палачинки и крофни коишто самите ги приготвија, како и квиз на знаење и проекција на филм.

## 87. ООЦК Прилеп - Пријателство

Целта на проектот е зближување на Македонците и Ромите во Прилеп. Младинците органираа заеднички активности за запознавање на културите, посетија изложба наменета за ромската популација и организираа заедничко гледање на филм посветен на Ромите. Преку проектот научија за меѓусебна толеранција, ги запознаа двете култури и развија односи на пријателство.

## 88. ООЦК Прилеп - Срце во акција

Младинците од овој проект се ученици во Средното медицинско училиште и нивната цел е болницата во Прилеп да се обезбеди со апарати за мерење притисок. Преку организирање на хип хоп натпревар за деца

во студио за танцување, изработка и продажба на бележници за книги како и изработка и продажба на велигденски гипсени фигури во основно училиште обезбедија доволно средства да купат 4 дигитални апарати за притисок и 6 пакетчиња медицински компресии. Со тоа ја постигнаа целта на проектот- помош и олеснета  работа на медицинскиот персонал во болницата, а со тоа и грижата за пациентите, нешто што директно ја зголемува безбедноста и ефикасноста во болничката пракса.

## 89. **ООЦК Прилеп -** Младинска хуманост

Целта на овој проект е обезбедување телевизор за лицата сместени во Домот за стари лица во Прилеп. Младинците најпрво организираа филмска проекција, осмомартовска креативна работилница и базар за продажба на изработките, исто така изработија велигденски украси и направија велигденски базар. Потоа организраа хуманитарен турнир во одбојка. Со собраните финансии купија телевизор за старите лица во Домот за стари лица „Киро Крстески – Платник“ во Прилеп.

## 90. **ООЦК Прилеп -** Хуманост без пречки

Членовите на овој тим одлучија да направат нешто добро за Дневниот центар за лица со церебрална парализа кој се наоѓа на патот кон нивното училиште, а кој е во лоша состојба. При посетата на центарот, установија дека во просторот има влага, а некои од апаратите им се стари и многу оштетени. Преку низа активности, како што се: хуманитарен турнир во одбојка, фудбалски натпревар, филмска вечер и  продавање на лимонада, собраа 25.500 денари, од кои купија материјали за бојадисување на ѕидовите и машина за садови. Од преостанатите средства, обезбедија и потрошни материјали неопходни за центарот. Потоа младите самите го бојадисаа дневниот центар и ги нацртаа ѕидовите. Имаа 8 средби со штитениците на центарот, каде имаа најразлични активности, креативни работилници и игри.

## 91. **ООЦК Пробиштип -** Еко свест гради еко свет

Целта на овој проект е да се подигне еколошката свест кај 150 младинци на општина Пробиштип и рециклирање 100+ килограми пластика, преку активности поврзани со рециклирање, повторна употреба и едукација за заштита на животната средина. Младите организираа и турнир во кошарка, како и натпераврп по собирање на пластика меѓу училиштата.

## 92. **ООЦК Пробиштип -** Мост на културите

Целта на овој интеркултурен проект е дружење на ученици од Кратово од различна вероисповед, македонска и ромска етничка заедница, од 1-во до 5-то одделение од ООУ „Кочо Рацин“. Вклучените 120 деца поминуваа време заедно организирајќи Велигденски базар, литературен и ликовен конкурс, посета на занаетчија Мишо којшто се занимава со топење на железо, кој својот занает го научил од човек од друга култура. Со оваа активност младинците докажаа дека разликите меѓу луѓето се мостови кои нè поврзуваат и ни помагаат заедно да создадеме нешта посилни и поубави. Исто така, нацртано е дрво на пријателството, како симбол на заедништво, пријателство и меѓусебно прифаќање.

## 93. **ООЦК Пробиштип -** Рака на надежта

Лошата финансиска состојба на 55 годишната С. од Страцин ги мотивира младите од Кратово да делуваат и да и ги подобрат животните услови. Малата соба во која немаше ниту под ниту изолација, зафатена од мувла и заматена вода од чешмата, младите ја претворија во вистински дом и пристојно место за живеење. Тие организираат базар на слатки работи, достава преку порачка на ружи со персонализирани пораки, турнир во кошарка, велигденска работилница и игри со најмалите, и со тоа собираат доволно парични средства и дополнителни донации за да и направат под, да ја исчистат мувлата, да го обноват ѕидот, да и дадат достоинствен кревет за спиење, маса и столици за јадење и шпорет на дрва за готвење.

## 94. **ООЦК Пробиштип -** Светлина на солидарноста во мракот на трагедијата

Овој проект има 2 цели: да се помогне на мајка која го изгуби своето дете во пожарот во Кочани и да се помогне на 2 малолетни деца коишто го изгубија својот татко исто така во пожарот во Кочани, и сега живеат со својот дедо со мимимална пензија. Најпрво започнаа со собирни акции во соработка со основните училишта и општината, потоа организираа ликовен конкурс, во соработка со „Берлин Вал Бар“ организираа хуманитарен настан на кој се собраа средства, но уште поважно – се собраа луѓе, се споделија зборови на поддршка, се создаде атмосфера на заедништво. Преку музика, зборови и тивка солза, успеаја уште еднаш да потврдат дека заедно се посилни. Следна активност е собирна акција во СОУ „Наум Наумовски - Борче“. Последната активност која ја спроведија беше хуманитарен кошаркарски турнир на теренот на ООУ „Браќа Миладиновци“. Собраните средства се предадоа на целните групи.

## 95. ООЦК Пробиштип - Сила во време на потреба

Целта на овој проект е донирање на средства за патни трошоци за онколошки третман на нивна сограѓанка, но во текот на проектот целта се проширува на помош на семејство на нивен сограѓанин кој настрада во пожарот во Кочани. Преку организирање на многу активности, како што се: продажба на рачно изработени мартинки, достава на свежи ружи по нарачка, изработка и продажба на рачно направени цветови, успеаја да соберат доволно средства за да покријат 1 година патни трошоци неопходни за онколошките третмани. Меѓутоа, по пожарот во Кочани, нивната сограѓанка замолила средствата што ги собираат за неа, да ги пренасочат за некое од семејствата на загинатите. Трогнати и од нејзината реакција, но и од трагедијата, одлучуваат покрај помошта за неа, да продолжат со активности за да обезбедат средства за семејство на нивен сограѓанин кој загинал во пожарот, а кое секако не било финансиски стабилно. Продолжиле со организирање на активности, собирни акции, продажба на крофни кои самите ги правеле, натпревар во видео игра PUBG, забава во локален бар каде настапувал локален музичар и собрале вкупно 71.747 денари кои ги уплатија на семејството да ги искористат за тековни потреби, меѓу кои и за психолошка поддршка.  На жената која има потреба од превоз за онколошки терапии, исплатија 60.000,00 денари – средства доволни да покријат пат во наредните 15 месеци.

## 96. ООЦК Пробиштип - Шепи на надежта

Целта на групата е да се подигне свеста за проблемот со уличните животни и да се обезбедат финансиски средства за стерилизација на 5 улични кучиња преку организирање на хуманитарни настани. Преку активностите групата се стреми да го привлече вниманието и да ги едуцира луѓето за важноста на хуманото третирање на животните и да собере средства кои ќе бидат искористени за реализација на проектот за стерилизација на улични животни.

## 97. ООЦК Радовиш - Отвори нови хоризонти

Целта на овој проект е да се збогати школската библиотека во ООУ “Крсте Петков Мисирков“ со книги / лектири на македонски и турски јазик. За таа цел младинците имаа повеќе креативни работилници. Изработуваат мартинки, цвеќиња по повод 8 Март кои ги поделиле на случајни минувачи во градот, боенки поделена на дечиња од училиштето. За таа цел им помогна нивна сограѓанка Е. којашто студира графички дизајн, исто така помош имаа и од сопственикот на печатница Сони којашто го обезбеди

износот за половина од боенките. Потоа, имаа креативна работилница за Велигден, а изработките од работилницата беа продадени во холот на училиштето. Од општинската библиотека “Браќа Миладиновци“ им беа донирани 48 книги за различни возрасти. 105 лектирни изданија се донираа во училиштето.

## 98. ООЦК Радовиш - Очите прозорец кон светот

Целта на проектот е да се организираат превентивни активности преку мерење на очен притисок кај група на луѓе, едукативни предавања во с. Ораовица во Радовиш и набавка на капки за очи за 100 пациенти во очната амбуланта во Радовиш кои не се на позитивна листа и се скапи.

## 99. ООЦК Радовиш - Подај рака полна со топлина

Целта на овој проект е помош на девојче Г. во с. Ињево, девојче од 10 години, без родители, кое живее со тетка старател во с. Злеово, во тешка социјална состојба, мали примања и лоши услови во куќата. За обезбедување на финансиски средства реализирани се следните активности: изработка на цветови и цветни аранжмани за 8 Март и нивно продавање, хуманитарна забава и донации. Со средствата и донациите е реализирано: варосување на ѕидови, набавка и местење ламинат, набавка тепих и патека, купен прекривач и постелнина, купен и наместен ребраст лим за настрешница, 5 вреќи цемент, боја и четка, наместена - донирана детска соба со мебел. Покрај овие активности, во време од 3 месеци организирано е дружење со со девојчето на повеќе места со заеднички врснички и социјални содржини, организирано одбележување на нејзиниот роденден.

## 100. ООЦК Радовиш - Селектирање на отпад

Цел на овој проект е да се поставaт корпи за селекција на отпад (пластика, хартија, стакло и метал). За обезбедување на средства, организирани се низа активности: изработка и продавање мартинки и цвеќиња. Дополнително, младинците посетија градинка каде држеа едукативна сесија за хигиена и организираа волонтерска акција за чистење на ридот. Проектот завршува со одбојкарски натпревар помеѓу две училишта, со што ја заокружија целта со дружење, ангажман и конкретна промена во заедницата.

## 101. ООЦК Радовиш - Хармонија на различностите

Целта на овој проект е да се направат повеќе активности со цел зближување на учениците од турска и македонска националност во едно од

училиштата во Радовиш. Реализиран е заеднички фолклорен настан со учество на фолклорни групи од двете националности и интеркултурна работилница во училиштето, посета на џамија и црква и подготовка на традиционална храна од двете кујни.

## 102. ООЦК Ресен - Еко чувари

Целта на овој проект е подигување на еколошката свест. 6 млади од Ресен воочиле дека често нивната животна средина е занемарена и подложна на негрижа. За да ги натераат нивните соученици да се грижат повеќе за животната средина тие го чистат училишниот двор и просторот околу споменикот на Косте Кусаковски, ги фрлаат сите отпадоци, го подготвуваат просторот и садат цвеќиња. Потоа, заедно со ЈП Пролетер, поставија канти за отпадоци во нивниот училишен двор.

## 103. ООЦК Ресен - Еко Шампиони

Младинците со овој проект имаа за цел преку интересен квиз и забавни прашања, да едуцираат 25 ученици од трето одделение за важноста на рециклирањето, заштитата на природата и улогата на пчелите и растенијата во животната средина. Оваа работилница ја одржаа во училиштето ОУ „Мите Богоевски“ во Ресен на 22.04.2025 година по повод Денот на Планетата Земја.

## 104. ООЦК Ресен - Светлина во темнина

Целта на овој проект е подигнување на јавната свест, препознавање на различноста и потребата за инклузивност и целосно социјално интегрирање на лицата од Дневниот центар за лица со посебни потреби. За остварување на целите организирани и реализирани се следните активности: јавна презентација со мото “Сите сме деца на сонцето“ пред лицата со посебни потреби и нивни родители, при што се дадени основни информации за Црвен крст, принципи и активности и планираните активности за дружење и вклучување на лицата во овој проект, хуманитарна караоке забава, базар за колачи, посебна активност за изработка на креативни цртежи и мотиви на објектите на Дневниот центар со непосредна вклученост на лицата со потреби, набавка и користење на канти, боја и четки.

## 105. ООЦК Ресен - Срце без граници

Со идеја да направат нешто што ќе им помогне на жителите на Ресен да научат повеќе за себе и да се сплотат, младите од овој проект одлучуваат својата порака да ја испратат преку модна ревија. Но, не било как-

ва ревија! Организираат ретро ревија, на која ја презентираат облеката значајна за секоја декада од 40-тите до 90-тите години. Целата екипа, па дури и манекенките кои учествуваат се од различна националност – Албанки, Турчинки, Македонки. Покрај ревијата, тие комуницираат со своите родители и родителите на манекенките, барајќи од нив да се вклучат со готвени традиционални јадења на настанот. Нивната идеја е препознаена како одлична и за самиот град, поради што добиле дозвола ревијата да ја изведат во Домот на културата. Информации за настанот споделуваат на социјалните мрежи, каде имаат одличен одзив и реакции.

## 106. **ООЦК Ресен -** Хуманост без граници

Главните цели на проектот се: да се обезбеди храна за бездомните кучиња, да се намали нивната глад и нивното страдање, да се поттикне заедницата да биде поодговорна и хумана кон напуштените животни. Дополнителна цел е да се создаде навика за континуирана грижа и организирање слични хуманитарни активности во иднина.

## 107. **ООЦК Свети Николе -** Бригада на надежта

Целта на овој проект е да се подобрат основните животни услови на едно четиричлено семејство од село Стањевци, кое живее во крајно скромни и несоодветни услови. Младинците организираа штанд со рачно изработени мартинки и негазирани води по повод празникот Тодорова Сабота, Велигденски игри за учениците од основните училишта во соработка со извиднички одред, хуманитаерен настан со учество на талентирани деца, деца од основни училишта, градинка и фолклорниот ансамбл од Свети Николе, како и поканети гости. Среќните лица и прегратките од сликите кажуваат колку силно и трајно помогнаа младинците на ова семејство со купените и монтирани два плакари за облека, трпезариска маса со 4 столчиња, биро, телевизор, мини шпорет, тостер, 2 тенџериња, 1 тава и фен за коса.

## 108. **ООЦК Свети Николе -** Еко будење

Целта на проектот е реновирање на училишниот двор на ПОУ „Гоце Делчев", во с.Горобинци. Младинците организираа хуманитарни активности, Велигденски базар, продажба на вредносни бонови, турнир во баскет и креативни работилници со ученици од градинката во Свети Николе. Со обезбедените средства и донации од компании обезбедени се и поставени 5 клупи и корпи за отпадоци, метални маси и жардиниери, како и дрвца и свежи цвеќиња.

## 109. ООЦК Свети Николе - Хумани крилја

Младите од овој проект имаа за цел целосно да ја реновираат и опремат собата на Н., полуматурантка од Свети Николе. Тие обезбедија кревет, постелнина, јорган и перница. Старата маса на која ја пишувала домашната задача ја заменија со ново биро и анатомска столица. Обезбедија плакар, тепих и завеси. За овој период, младите закажале преглед кај очен лекар и обезбедија нови очила за девојчето. За полуматурската вечер, ПХВ волонтерите и подарија фустан, а за да може да доаѓа на училиште од нејзината населба, од младинците доби нов велосипед. Започнаа со изработка и продажба на честитки за Осми март. Околу велигденските празници имаа продажен штанд, забавна работилница за најмалите во игротека, проекција на цртани филмови во детска градинка, отворена работилница за средношколци во средно училиште под мотото „Остави белег – биди хуман".

## 110. ООЦК Свети Николе - Светот под еден кров

Целта на овој проект е запознавање на младите во Св. Николе со разликите помеѓу македонската и турската култура заради поголема сплотеност и информираност. Најпрво, групата подготви слатки што ги изложи на штанд на градскиот плоштад наречен „Штанд за Тодорица", каде граѓаните можеа да дегустираат турски и македонски благи. Потоа, се организира посета и предавање од верско лице во црквата Св. Лидија, а групата посети и џамија. Се одржа велигденска работилница со деца од 4 до 7 години од турска и македонска националност, каде децата преку игри и боенки се запознаа со празничните симболи и обичаи. Исто така, направија и посета на народниот музеј во Свети Николе, каде имаше предавање на тема „Низ спомените на предците – откривање на културата". Реализирана е активност за изработка на сликовница, мини-речник со македонски и турски зборови кои се презентирале во основно училиште и работилница под наслов „Кожа како платно – култура како инспирација" како креативен спој на културни мотиви и уметност, преку кои учениците го изразија своето разбирање за културниот идентитет.

## 111. ООЦК Свети Николе - Царството на младите ѕвезди

Целта на овој проект е помош на самохран татко со ниски примања, две малолетни ќерки и баба со здравствени проблеми. Тие имаат потреба од уредување на детска соба со мебел за алишта, кревет, душеци и постелнина и можности за работа, учење и други дневни активности. За остварување

вање на целта и подобрување на социјалната и функционална состојба и услови за девојчињата, реализирани се следните активности: организирана креативна работилница за изготвување на боенки и штанд за продавање, хуманитарен турнир во фудбал со награди и признанија, музички настан и FIFA забава со плакети и признанија, велигденски штанд со вапцани јајца и украси, донации во мали шишиња вода, сок, пуканки, подготовка на просторот во куќата за детска соба заедно со ангажирани мајстори. Собрани се вкупно 42.731 ден., кои се наменија за набавка на мебел и уредување на детската соба.

## 112. **ООЦК Струга -** Ngjyrat e jetes / Боите на животот

Цел на проектот е уредување на дворот на школото за обележување на денот на планетата. Младинците направиле одлична организација со сите ученици, го уредиле дворот, го исчистиле и посадиле садници и цвеќиња.

## 113. **ООЦК Струга -** Rinia Solidariste / Солидарна младина

Целта на проектот е помагање со финансиски средства на младо девојче – Н., која боледува од рак. Младинците организирале креативна работилница и спортски активности за младите ученици во нивното школо.

## 114. **ООЦК Струга -** Shprese / Надеж

Целта на проектот е донирање на чаршафи и постелнина во Детската болница во Струга, како и донирање на облека, храна и гардеробер на социјално ранливо семејство. Средствата се собрани со прикажување на филм во две кино вечери со што се собрани 54. 000 денари и со истите набавени се потребните работи.

## 115. **ООЦК Струга -** Гласови на различноста

Поради постоењето на стереотипи и предрасуди едни кон други, младите од оваа група имаат за цел да спроведат активности со кои ќе придонесат кон зајакнување на мултикултурното општество во Струга, особено меѓу средношколци. Првата работилница што ја организираа ги опфати сите ученици од прва година во училиштето, кои на класен час имаа работилница за разбивање на стереотипи и предрасуди. Потоа, тимот работеше на поставување на мултикултурно катче во училиштето, кое го украсуваат со пораки и постери. Тие посветуваат голем дел од времето на меѓусебно запознавање, запознавање со своите култури, празници и начините на

празнување. Заедно ги прославуваат Велигден и Бајрам, но и Летник, Циу Циу и Мартуфал. Како дел од иницијативата за училиште без насилство, тие организираа работилница за ментално здравје во надворешниот мини-амфитеатар, наменета за членовите на ученичкиот парламент. Изработија кутија за мир, во која секој ученик, на јазикот што сака, запишуваше пораки на тема што за него претставува мир. На крајот, изработуваат и видео на три јазици кое промовира мир. Поттикнати од другите тимови, младинците организираа турнир во фудбал меѓу учениците.

## 116. ООЦК Струга - Мали чекори за големи промени

Целта на овој проект е придонес кон создавање поздраво опкружување преку подигнување на свеста за заштита на природата, поттикнување на рециклирање и организирање на волонтерски активности за чистење и разубавување на јавните простори. Организирана едукација за младинците од страна на Еко свест во Europe House за будење на еколошката свест. Сами изработија презентација по повод Светскиот ден за заштеда на енергија, којашто ја презентираа пред ученици во гимназијата. Со помош на донација од градоначалникот на Вевчани засадени се цвеќиња во градинки во Струга и во Вевчани. Младинците сами изработија еко пораки, круни, разни креативни материјали потребни за едукација на дечињата. Реализираа планинарење и едукативна работилница заедно со дечињата од ООУ „Гоце Делчев", с. Јабланица и Еко свест. Потоа младинците изработија скица заедно со професорот по ликовна уметност Горан Ристовски, а истата скица ја претворија во мурал којшто го насликаа на ѕидот на нивното училиште заедно со претставници од Еко Свест. Мотивот на муралот е заштита на кафеавата мечка во нивниот предел која е загрозена од човечкото влијание. Истиот ден, младинците поделија стрипови за еколошка свест на нивните соученици. За крај, обезбедија дом на едно куче скитник, учествуваа на интерактивна работилница „BioVers" во Europe House и организираа натпревар во одбојка заедно со нивните соученици од училиштето „Д-р Ибрахим Темо".

## 117. ООЦК Струга - Ѕвездички на иднината

Целта на овој проект е дружење со дечињата од групата „Бубамара" од градинка во Струга. Обезбедија донации од потрошни материјали (хартија, боици, салфетки и слично) и организираа со нив работилници, посети, предавања. Заедно ги одбележаа Денот на ретки болести, Велигден, Летник, Денот на планетата Земја, Светскиот ден на здравјето, Денот на македонскиот јазик и празникот на Македонски просветители Св. Кирил

и Методиј. Учествувале на  одбојкарскиот турнир во СОУ „Д-р Ибрахим Темо“ кој бил од хуманитарен карактер и со дел од средствата купени се играчки за градинката во Струга. Заедно со дечињата реализирана е посета и на градинката „Сонце“ во Струга, учество на концертот на Студиото за танц „Бах“ по повод Светскиот ден на танцот. Соработувајќи со еко-тимот „Мали чекори за големи промени“ реализирана е посета во вевчанската градинка „Планински цвет“, каде засадија и цвеќиња.

## 118. **ООЦК Струга -** Подари насмевка

Целта на овој проект е обезбедување инвалидска количка по мерка, анатомски душек и перница за лицето И.Л. (млад човек кој боледува од церебрална парализа). Младинците се обратиле до фирмата Магна, која им излегла во пресрет и им ги донирала финансиските средства што ги барале за да купат инвалидска количка, анатомски душек и перница, во вредност од 44.758 денари. Младинците по повод празникот на жената 8 Март, изготвија пораки и поделија околу 50 каранфили донација и пораки на пациентки и медицински кадар во женското одделение на струшката болница.

## 119. **ООЦК Струга -** Хуманост без возраст

Целта на овој проект е да се помогне на лицата од дом за страи лица, со покажано внимание, грижа, подршка и реализација на активности. Младинците, по повод 8 Март , изработија цветови и честитки со пораки за најдобра мајка и баба и ги посетија жените пензионерки кои го славеа денот во Центарот „Солферино“. Жените беа воодушевени од нивната досетливост и на самиот настан следеа заеднички танци, дружби и ора. Понатаму со цел да им ги разубават деновите на корисниците од домот организираа игри на шах, пикадо, ги учеа како да ги користат социјалните мрежи, а сето тоа преку едукативни работилници на тема дигитални вештини, социјални медиуми и безбедност на истите, како да ги користат телефоните, односно како се пуштаат слики и пораки на вибер и сл. На една од работилниците им беше измерен и шеќер во крвта.

## 120. **ООЦК Струмица -** Љубители на биологијата

Целта на овој проект е изградба на стакленик во дворот на училиштето ООУ„Гоце Делчев” Босилово, каде што ќе има доволно место за еден клас и каде што ќе се одгледуваат различни растенија. Младинците со помош на нивните професори и со поддршка на Градоначалникот на Општина Струмица, организираат активности за обезбедување на потребните ма-

теријали за изградба на тој стакленик. Преку организирање на турнир во одбојка, базари за 8 Март и Велигден младинците собираат парични средства. Исто така со помош на донации обезбедени се градежни материјали од фирмата Жикол т.е. железо потребно за покривање на оранжеријата, арматура, песок и бетон. Младинците во рокот за реализација успеаја да обезбедат само материјали и да ја започнат изградбата, но од оправдани причини истата ќе биде довршена за време на летниот распуст до почеток на училишната година.

## 121. **ООЦК Струмица -** Паметно возење, безбедно патување

Сè почестото опасно возење во нашата заедница и генерално невнимателното управување со возилата ги поттикна младите од Струмица да направат неколку акции преку кои ќе ги поттикнат нивните сограѓани да бидат повнимателни. Тие изработија флаери за совесно возење, кој ги делеа во соработка со локалната полиција, потоа организираа дискусија на тема ноќно возење и претпазливост, изработија видео на кое го прикажаа истражувањето за ноќното возење во Македонија кое го презентираа и дискутираа со останати млади кои наскоро ќе бидат возачи.

## 122. **ООЦК Струмица -** Срце во акција

Проектната цел на тимот е зближување на културите и традициите на младите, ученици во основни и средни училишта во општина Василево, регион на Струмица и нивно заедничко ангажирање, активности и креации за пишување поезија; ликовни творби и дизајнирање на фустани со вградени стихови од поезија. При истражувачкиот дел одбрана е општина Василево каде што живеат различни етнички заедници: Македонци, Турци и Роми и направен е план за организирање на три работилници за поезија, цртање и дизајнирање и јавен настан во домот за култура во Василево. Успешно е организиран настан со читање на поезија на македонски и турски јазик, пеење песни и модна ревија на фустани со стихови поезија со одлично искажани импресии и впечатоци на присутните.

## 123. **ООЦК Струмица -** Сончеви зраци

Целта на проектот е да се разубави престојот во училиштето и да се олесни едукативниот процес на децата со посебни потреби, ученици во ОУ „Св. Климент Охридски"од Ново Село, Струмица. Тимот на волонтери направија неколку креативни и продажни акции со кои обезбедија големи и мали топки, македонска азбука, дрвен сет, пикник корпа сорер, куќа

со клучеви сортер, сет овошје, плишани мечиња, боенки, боици, коцки, табли пиши бриши, детска табла моја прва азбука. Најголемиот настан организиран од овој тим е подготовката и прикажувањето на претстава со куклен театар. Самите млади ги изработија куклите и куклениот театар и го прикажаа пред децата од училиштето во кое учат децата со посебни потреби. Со тоа сакаа да ја поттикнат заемната помош и солидарност.

## 124. **ООЦК Тетово -** Корени на мирот: Младите садат, старите цветат

Целта на проектот е уредување на дворот на здружението за пензионери. Младинците садеа цвеќиња, целосно го чистија и уредија дворот на здружението. Собрани е 4,300 денари со кои се купени стари гуми за декорација, цвеќиња и останати реквизити.

## 125. **ООЦК Тетово -** Shikojme me zemer, degjojme me shpirt / Гледаме со срце, слушаме со душа

Целта на проектот е социјализација на лицата од клубот на слепи лица во Тетово. Организирана е креативна работилница, турнир во шах со помош на посебни шаховски табли за слепи лица и прошетка низ културни монументи во Тетово заедно со членови на клубот. Купени се специјални реквизити за слепи лица и посебни шаховски табли за нив, со помош на средства од друг проект.

## 126. **ООЦК Тетово -** Јазикот што го разбираме / Gjuhën që e kuptojmë

Волонтерите од средното училиште „Никола Штејн“решија да реализираат активност преку која подобро ќе се запознаат со учениците од македонската паралелка. Тие го искористија кабинетот за козметика и организираа натпревар, а потоа направија рефлексија споделувајќи го доживеаното искуство. Учениците исто така направија заедничко видео каде што се солидаризираат и изразуваат сочувството за настраданите од трагедијата во Кочани.

## 127. **ООЦК Тетово -** Светот те чека надвор – Bota të pret jashtë

Младите од оваа група, ученици во медицинското училиште, од своето искуство на пракса воочиле дека треба да помогнат на одделот за физикална терапија во болницата во Тетово. Тие разговараат со вработените

во болницата и направиле листа на работи кои сакаат да ги купат за да го опремат одделението. Организираат настан за продавање на колачи на 7 и 8 Март, хуманитарен концерт во културниот дом во Тетово, и преку добра промоција на настаните успеле да соберат значителна сума на пари. Со нив успеале да го опремат и подобрат одделението и успешно ја постигнале нивната цел.

## 128. ООЦК Тетово - Сонцето во хоризонт – Dielli në

Младинците со овој проект имаат за цел да помогнат на самохрана мајка за операција на нејзината ќерка. Тие преку два турнири, во кошарка и одбојка, успеаја да ја анимираат заедницата, а покрај тоа организираа и хуманитарна забава. Со собраните средства ги покрија трошоците од операцијата и купија медицински материјали, храна и средства за домаќинство. Исто така успеаја да организираат и работно интервју на мајката.

## 129. ООЦК Тетово - Мостови на пријателство и визија

Целта на проектот е преку работилници, играње друштвени игри и неформални дискусии ученици матуранти од различни етнички заедници во средно училиште во Тетово да соработуваат помеѓу себе преку споделување на искуства за нивното понатамошно школување и професионални определби. Меѓу другото, преку заедничката комуникација тие развиваа толеранција и соработка помеѓу учениците од албанска и македонска националност. Учениците организираа и натпревари во фудбал, кошарка и одбојка.

## 130. ООЦК Тетово - Ново изгрејсонце

Поттикнати од човечката потреба да помогнат на семејство кое живее во крајно тешки услови, особено поради здравствената состојба на ќерката и немоќта на таткото сам да се справи, младите имаа за цел да ги подобрат условите за живот на семејството. Преку повеќе различни собирни акции и базари тие успеаја да соберат доволно средства и донации за да постават изолација на куќата која нема малтер ниту од внатре ниту од надвор, да го реконструираат тоалетот на семејството, да постават рачки за движење, да обезбедат нов кревет за девојчето, постелнина, душек и перници, шкафче опремено со алишта и средства за хигиена. Покрај тоа, младите го исчистија дворот на семејството, им поставија маси и столчиња овозможувајќи им безбеден простор за одмор и секојдневни активности на отворено.

## 131. ООЦК Тетово - Поддршка во следниот чекор ( матурантка)

Целта на овој проект е да и се помогне на една млада девојка, со купување облека за нејзината матурска вечер, да биде облечена како што секоја матурантка би посакала. Девојката живее со нејзиниот самохран татко којшто работи тешка физичка работа и нема стабилни примања и единствено што може е да и овозможи покривање на најосновните трошоци. За таа цел младинците стапија во контакт и добија помош од Модно Студио Степановски (фустан), Салон за убавина Бојана (шминка и фризура), Pretty women (нокти и депилација). Организираа собирна акција, со помош на која платија други трошоци: обувки и ташничка, музика за матурската вечер, храната во ресторан, слика за табло. Со сето ова младинците не само што и организираа матурска вечер на една млада девојка туку и овозможија да има ноќ за паметење и и' ја вратија самодовербата и вербата во добрината на луѓето и дека сепак има надеж за подобар живот.

## 132. ООЦК Тетово - Мостови од Традиции: Фолклорот како јазик на Пријателството

Целта на овој проект е да се поврзат младите од различни културни задници. Нивна активност е интеркултурна размена и разбирање преку фолклорот како универзален јазик на традицијата, со организирање концерт со 4 фолклорни групи.

## 133. ООЦК Штип - Ангели на надежта

Целта на овој проект е помош на двочлено семејство од Штип. Младинците организираа турнири во фудбал и одбојка преку кои анимираа поголема група на луѓе и собраа финансиски средства. За потребите на семејството обезбедија плакар за складирање на алишта и го исчистија просторот во кој живеат.

## 134. ООЦК Штип - Вкусот на културата

Целта на овој проект е промовирање на културните вредности и ширење на позитивна енергија на соживот, прифаќање на различностите и културна соработка помеѓу различните етнички заедници преку промоција на различни традиционални јадења. Младинците организираа фудбалски турнир преку кој обезбедија финансиски средства за потребите на предвидениот уникатен гастрономски настан „Вкусот на културата"(на-

мирници за храна). Реализиран е настан за промовирање на културната разновидност и соживотот преку храната, претставувајќи традиционални јадења од македонската, турската и ромската култура со вклучени ученици од СОУ „Коле Нехтенин“ - Штип и ООУ „Страшо Пинџур“ – Карбинци од Општина Штип.

## 135. ООЦК Штип - Нови Корени

Младите од Штип сакаат да постават нови корени за подобра животна средина во училиштето „Димитар Влахов“. За да го направат тоа, организираат турнир во фудбал преку кој собираат доволно средства за да купат 9 стебла на млади дрвца и 25 цвеќиња кои тие самите ги засадуваат и прават план како да го направат тоа за да изгледа како професионално хортикултурно уредување.

## 136. ООЦК Штип - Срце полно насмевка

Проектот е насочен кон создавање детско катче за игра на детското одделение во Клиничка болница- Штип, со цел да се подобри престојот на хоспитализираните деца. По консултации со директорот и началничката на одделението, тимот ја утврди потребата, и за да ги обезбедат потребните средства, организираа продажба на велигденски украси и филмска вечер. По сите активности, просторот е целосно уреден со масичка, столчиња, играчки, табла и меки подлоги – претворајќи го во шарено и радосно катче кое носи насмевки и олеснување за најмладите пациенти.

## 137. ООЦК Штип - Подај рака

Подај рака е проект на младите волонтери кои имаа за цел да ја ублажат состојбата на семејството на малолетно дете кое после трагичната загуба на мајка си живее со баба, дедо и вујко, кој и самиот е малолетен. Младинците направија неколку креативни работилници за изработка на честитки и украси за 8 Март и Велигден. Од продажбата на истите и од донација, за семејството се обезбедени плакар, комода, тепих и две полици со кои е опремена детската соба.

## 138. Црвен крст на град Скопје - Делење насмевки

Целта на овој проект е обезбедување средства и материјали за креативни работилници во Центарот за лица со даунов синдром како и средби за помош при социјализацијата на корисниците. Преку фудбалски турнир, продавање на напитоци и донации, младинците обезбедија доволно

финансиски средства и купија материјали за креативни работилници и друштвени игри. Додатна вредност на овој проект е дружбата на младинците со лицата со даунов синдром, заеднички работилници и дружби во центарот, како и посета на Зоолошка градина, со цел да поминат заедничко време на јавен простор и да се социјализираат преку забавна активност.

## 139. **Црвен крст на град Скопје -** Корен на добрината

Целта на овој проект е да се разубави училишната околина во ОУ „Кузман Шапкарев"- Драчево. Идејата на младите беше преку садење цвеќиња во училишните простории да се создаде попријатна, поеколошка и инспиративна атмосфера за учениците и наставниците, да се подигне свеста за значењето на екологијата и грижата за животната средина, како и да се поттикне чувство на заедништво и одговорност кон училиштето. За таа цел младинците направија проекција на филмот - Снежана и седумте џуџиња и поставија кутија за донации при што со собраните парични средства купија саксии со цвеќе и ги поставија низ различни места во училиштето.

## 140. **Црвен крст на град Скопје -** Мир под сонцето

Целта на проектот е поблиско запознавање на Украинците и Македонците преку заеднички активности со кои тие (Украинците) како бегалци ќе се чувствуваат прифатено во Македонија. Младинците организираа играње на гејминг игри, заеднички работилници за изучување на јазик и запознавање на културата на Македонците. Организираа заедничко гледање на филм во кино како и посета на Музејот на холокаустот.

## 141. **ООЦК Центар -** Подарување насмевка на М

Целта на проектот е помош на М., кој е аутистичен младинец и на неговото семејство преку донирање на облека, школски прибор, храна, хигиенски производи, air fryer, компјутерско столче. Производите се купени со средства собрани од разни собирни акции како изработка и продавање на мартинки, честитки за 8 Март и цветови, организирање на хуманитерен турнир во фудбал како и донација на столче од фирма. Во насока на социјализација и дружење, организирана е прошетка низ Центар – Скопје.

## 142. **ООЦК Центар -** Искра

Целта на овој проект е обезбедување на поддршка и подобрување на условите за грижа во одделот за детска хирургија преку собирање фи-

нансиски средства за набавка на неопходна медицинска опрема и материјали. За да го постигнат ова, младите изработувале мартинки кои ги продавале, а организирани биле и собирни акции. Преку проектот, обезбедени се 6 инхалатори, 2 апарати за мерење притисок и 4 инфрацрвени топломери.

## 143. **ООЦК Центар -** Надеж во акција

Целта на овој проект е обезбедување на дел од трошоците за лекување на болно дете преку собирни акции и хуманитарен турнир во кошарка. Преку изработка и продавање мартинки, собирни акции и организирање на баскет турнир младинците обезбедија финансиски средства за еден нивен соученик на кого му е потребно лекување.

## 144. **ООЦК Центар -** Подадени раце

Целта на овој проект езаедничко дружење, задничко време, зближување и реализирање едукативни работилници со 7 деца од Домот за деца без родители „11 Октомври“- Скопје. Младинците организираа неколку средби и дружби со децата од Домот без родители. Ги посетија, се дружеа, ги едуцираа и направија работилници за здрава храна, правеа физички активности, работилница за правење оригами, работилница за чиста средина и заедно садеа цвеќиња.

## 145. **ООЦК Центар -** Семејството во срце

Со овој проект обезбеден е шпорет на дрва за три сестри од Пинтија кои се наоѓаат во тешка финансиска состојба откако неодамна ги загубиле родителите. За да се обезбедат средства, тимот на ПХВ волонтери направиле повеќе активности како што се изработка и продажба на мартинки, штанд за продажба на освежителни сокови на Водно, учество со штанд на хуманитарниот училишен базар и хуманитарен интеркултурен концерт.

## 146. **ООЦК Гази Баба -** Палачинка со мисија

Целта на проектот е да се обезбедат финансиски средства за да се ублажат тешките услови на живот на трочлено семејство со дете со посебни потреби. Младинците во соработка со специјализирана продавница за палачинки организираа акција за продажба на палачинки и 15% од неделниот се намени за ова семејство. Со финансиските средства од активностите, младинците обезбедија таблет, ваучер од 6.000 денари за спортска облека и торта за полуматурската вечер.

## 147. **ООЦК Гази Баба -** Глас за слобода

Целта на овој проект е да се подигне свеста кај младите и пошироката јавност за опасностите од Трговијата со луѓе, преку проекција на едукативен филм и отворена дискусија, со цел подобро препознавање, превенција и заштита од овој сериозен проблем. Проектот се реализираше преку проекција на филм кој ги прикажува ризиците, механизмите и последиците од трговијата со луѓе во ООУ„ Крум Тошев„ за учениците од петто до деветo оделение, отворена дискусија со ученици и наставници, во текот на која се споделија ставови, искуства и мислења, со цел продлабочување на разбирањето и поттикнување лична и заедничка одговорност. Реализирани беа и информативни активности преку кои се поттикна критичко размислување и препознавање на потенцијално опасни ситуации.

## 148. **ООЦК Гази Баба -** Светлина во темнината

Целта на овој проект е олеснување на семејната и финансиска состојба на семејството Трипуноски, самохрана мајка, три сина, двајца малолетници, еден полнолетен и зависник и баба со здравствени проблеми и потреба од лекови. За тимот од посебна важност е нивниот соученик кој е еден од малолетните синови и негова подготовка и можност за одбележување на полуматура. Тимот организира две подготвителни креативни работилници за изработка на постери, дипломи и благодарници и спортска недела во одбојка, фудбал, шах и серва, а собраните финансии донирани се на семејството.

## 149. **ООЦК Гази Баба -** Влакно надеж

Целта на овој проект е обезбедување и донирање облека на 6 социјално ранливи семејства со деца во Гази Баба, кои живеат во тешки материјални услови, без редовни приходи или со хронични болести. Помошта се реализира преку  организирање на собирна акција за облека. Младинците креираа информативна кампања која вклучува активна комуникација преку социјалните мрежи каде објавуваа повици за донации. Исто така делеа флаери на повеќе локации, вклучувајќи училишта, општински установи, цркви и други јавни места. Голем број на ученици, заедно со нивните родители, активно учествуваа во акцијата, донирајќи облека во добра состојба.

## 150. **ООЦК Карпош -** Зелена Иднина – E ardhme e gjelbërt

Волонтерите одлучија цел на овој проект да поставување на зелена површина во училиштето „Бедри Таири“ во Долно Свиларе. Тие својата

идеја ја споделија со директорката на училиштето која успеа да анимира донатори од заедницата. Учениците потоа се грижеа за дрвата во текот на проектот и таа задача потоа преминала по редослед и до другите ученици во школото.

## 151. **ООЦК Карпош -** И во Долно Свиларе има суперхерои

Целта на овој проект е да се поттикнат жителите на селото Долно Свиларе да даруваат крв. Младинците подготвија плакати и ги залепија во различни точки низ селото да ја промовираат акцијата. Успеаја да соберат 13 единици крв и да го промовираат крводарителството.

## 152. **ООЦК Карпош -** Одбојката не поврзува

Младите волонтери од училиштата „Бедри Таири“ и „Мирче Ацев“ сакаа да придонесат во решавање на два проблеми: недостатокот на воншколски активности и немање контакт со врсници, припадници на други националности. Тие решија ова да го надминат преку спорт и успеваат да реализираат 3 заеднички и на крај еден пријателски натпревар со мешани екипи во одбојка.

## 153. **ООЦК Карпош -** Да склопиме среќа

Младинците имаа за цел да обезбедат дидактички материјали за учење и подучување на деца од Државното училиште за деца и младинци со попреченост и оштетен вид „Димитар Влахов“ - Скопје. Дидактичките материјали се купени со средства обезбедени преку продажба на разни рачни изработки и оригами направени од самите младинци, преку собирни акции со делење на пораки за убав ден и кино проекција.

## 154. **ООЦК Карпош -** Еднакви во разликите

Целта на овој проект е обезбедување на 4 расклопливи дрвени маси и 8 расклопливи дрвени клупи со вкупен капацитет за сместување на 40 лица и практична мултифункционалност согласно реалните потенцијални потреби за активностите на проектот Хуманко и летниот камп „Сите сме исти“. За таа цел младите спроведоа голем број активности и ја остватрија целта.

## 155. **ООЦК Карпош -** За посреќни училишни денови

Младите од ЦК Карпош решаваат да помогнат на младите од детскиот дом „11 Октомври“ така што ќе им обезбедат училишен прибор за без-

грижни училишни денови. Тие изработуваа мартинки и други ракотворби како украсни шишиња, кои потоа ги продаваа на собирните акции во нивното училиште, во супермаркетите и во Градскиот парк. Со тоа обезбедуваат 105 парчиња различен училишен прибор.

## 156. ООЦК Карпош - За пријатни погледи

Тимот составен од 7 членови или Седумка, има за цел преку овој проект да помогне на 63 стари лица сместени во Домот за стари лица „Мајка Тереза“ во Злокуќани и организирање активности за собирање на финансиски средства за купување на маси и столици за пред бунгаловите, како и заедничка гарнитури за седење надвор. Прифаќајќи го хуманиот предизвик и можноста да се подобри животот и секојдневието на старите лица, реализирани се следните активности: 4 кино проекции во нивното основно училиште „Петар Поп Арсов“ во Карпош, за деветите, осмите и седмите одделенија; две собирни акции во населба Ѓорче и Порта Влае; во Зоолошката градина, при што се собрани 35.223 ден. и набавени и поставени се 16 маси, 37 столици и една гарнитура за седење надвор, со што целосно се оствари проектната цел.

## 157. ООЦК Карпош - Надеж за еден дом

Целта на овој проект е преку низа активности младите да му помогнат на својот соученик кој во многу краток временски период останал без мајката, бабата и дедото, а потоа се запалил и целосно изгорел станот во кој живеел со преостанатите членови од неговата фамилија – таткото и братот. Тимот, во договор со таткото, кој ги известил дека случајот е соодветно пријавен и дека најмногу ќе им требаат апарати за домаќинство, ги насочува своите активности кон обезбедување на основни апарати. Преку собирни акции, продажба на пораки и ракотворби, но и организирање на голем фудбалски турнир во училиштето и базар на second hand облека, успеваат да соберат 80.891,00 денар, од кои обезбедуваат машина за перење, електричен шпорет, фрижидер со ладење и комора, електричен бојлер и аспиратор.

## 158. ООЦК Карпош - Вера

Целта на овој проект е обезбедување на 4 инхалатори за Институтот за белодробни заболувања „Козле“ во Скопје, за непречено лекување на децата кои престојуваат во болницата и имаат проблеми со дишење. За таа цел младите реализираа 3 работилници за плетење алки и изработка на пораки за убав ден. Преку 3 собирни акции во Градски парк, собрани се

7.700 ден. со кои се набавени 4 детски инхалатори и истите ги донираа во детската болница во Козле.

## 159. **ООЦК Кисела Вода -** Градиме мостови, не ѕидови

Целта на проектот е организирање на 5 интеркултурни презентации во разни училишта каде учат македонски и албански ученици во Кисела Вода и во Студеничани. Младинците исто така организираа работилница по повод денот на математиката. На настаните младите учеа за јазиците -албанскиот и македонскиот и се дружеа. Реализирана беше и заедничка прошетка во Зоолошката градина.

## 160. **ООЦК Кисела Вода -** Генерациски мост

Цел на овој проект е помош на институцијата - Дом за стари лица Дабевски од Кисела Вода. Преку активности, младите работеа на намалување на социјалната изолација на старите лица, да се подобрат вештините за користење на технолошки уреди и да се постигне поттикнувачка средина за меѓугенерациска соработка. Со изработка и продавање на мартинки, младинците обезбедија финансиски средства со кои купија потребен материјал за работилници (темперни, дрвени и водени боици, фломастери, палети за боја, сет четки за боење и хартија) со корисниците на Дом за стари лица Дабевски - Кисела Вода. Реализирани беа ликовна работилница, работилница за користење на мобилни телефони и интернет апликации, организирање на друштвени игри (шах, домино, карти, не лути се човече и сл.), велигденска работилница, едукативни предавања од областа на менталното здравје и прватa помош и работилница за одбележување на Денот на македонскиот јазик и Денот на Црвениот крст.

## 161. **ООЦК Кисела Вода -** Ластовица

Целта на проектот е да се поттикне социјална инклузија и взаемно прифаќање меѓу децата со и без попреченост преку организирање на заеднички работилници. Младинците сакаа да создадат простор каде што сите деца ќе се чувствуваат прифатени, слушнати и рамноправни учесници во активностите. За таа цел младинците разговараа со директорката на здружението Ластовица која што им објасни дека здужението го посетуваат лица со различен степен на спектарен аутизам и едно дете со потешкотии во говорот и направија план како да поминуваат квалитетно време со истите. Реализираа повеќе работилници; фарбаа јајца, сликаа со водени и дрвени боички, пуштија балони во воздухот за да испратат

порака за потребите на дечињата и други активности. Сите тие работилници придонесоа за дружба помеѓу децата, радост на лицата од здружението Ластовица и големо задоволство кај самите младинци коишто излегоа од нивната комфорна зона.

## 162. **ООЦК Кисела Вода -** Огнени

Целта на проектот е набавка на работна опрема и опрема за гаснење на пожари за пожарникарите од Драчево. Младинците реализираа продажба на мартинки и велигденски хепенинг и при што успеаја да соберат средства и дополнително со донации од компании и обезбедуваат работна облека (панталони и маици), челични метли за гаснење на пожар и медицински материјали. Реализираа и предавања за заштита од пожари во три основни училишта.

## 163. **ООЦК Кисела Вода -** Зелен будилник

Целта на овој проект е уредување на простор од дворот на СУГС " Браќа Миладиновци" во Скопје и будење на еколошката свест, свеста за заедништво и заедничка грижа кон животната средина, како и подигнување на свеста за прифаќање на различностите- лицата со попреченост, преку реализирање заеднички еколошки активности со учениците од училиштето, вклучувајќи ги и учениците со посебни потреби. Младинците изработија мартинки и ги продаваа на 4 различни локации. Со собраните средства купиле рози и хумусна земја, кои се посадени во еден дел од дворот на СУГС „Браќа Миладиновци". Изработени се 2 хамери со еко - пораки за зачувување на планетата Земја. Преку санација и премачкување со боја на неколку клупи за седење и маса, уредено е едно катче за одмор и релаксација на учениците и наставниците.

## 164. **ООЦК Чаир -** Një çast kujdesi / Еден миг на внимание

Младите дознале дека во локалниот пензионерски клуб се учи англиски, но на пензионерите им недостасуваат материјали за успешно да ги реализираат часовите. Тие организираа работилница за изработка на накит, па накитот заедно со чоколади, ги продавале за 8 Март, и заедно со собирни акции, собраа доволно средства за да купат табла, флип чартови и маркери.

## 165. **ООЦК Чаир -** Корените на знаењето – Rrënjët e dijes

Целта на овој проект е збогатување на библиотеката на основното учи-

лиште „Исмаил Ќемали“ која не располага со доволно книги. Младите направиле листа на книги што фалат, и организираа три акции за да ги остварат потребните средства. Првата креативна работилница за правење накит, кој го продадоа на учениците од прва смена, потоа волонтерите заедно со други ученици кои им се придружија организираа хуманитарен базар со домашна храна, и преку третата акција организирана беше активност “Подари Книга“ при што сите ученици ги подарија користените лектири и книги од дома. Тие успеаја да стапат во контакт со издавачки куќи и да добијат попуст, и потоа ја опремија училишната библиотека со 215 лектири и исто така со принтер кој и недостасувал.

## 166. **ООЦК Чаир -** Кругот на културата – Rrethi i kulturës

Преку овој проект, младите сакале да им помогнаат во реализација на училишна престава во училиштетот „Зеф Љуш Марку“. Истата се одржала во Албанскиот театар, со цел промоција на културата и ненансилство, но секако и поттикнување на младите за вклучување во Црвен крст како волонтери.

## 167. **ООЦК Чаир -** Говориме различно, разбираме исто

Цел на овој проект е создавање услови и активна јазична комуникација и разбирање во општина Чаир, како едно од најважните прашања во оваа средина со етнички, јазични и културни разлики. Со примена на анкета, разговори и набљудувања со ученици во СУГС „Зеф Љуш Марку“ и „ОУ Цветан Димов“ со албански наставен јазик и ОУ „Ацо Шопов“ со македонски наставен јазик, утврдени се потреби од меѓусебна комуникација и јазична интеракција, со цел разбирање на различностите, приближување и бришење на стереотипи и предрасуди за ученици кои живеат на исти улици, делат исти училишни ходници и исти соништа. За остварување на целта организирани се и реализирани следните активности: две различни групи корисници на албански и македонски јазик; курс преку интерактивни игри за запознавање и учење на основите на јазиците, седум интерактивни работилници со игри и песни и различни дијалози на албански и македонски јазик, креативна работилница за цртање и пишување на македонски и албански јазик; интерактивна настава во природа и јазични вештини и дијалози, круг со игри за асоцијација и музичка работилница. Заеднички е потврдено дека ова треба да продолжи и помага во зближување на младите.

## 168. **ООЦК Чаир -** Нека секој има каде да сонува

Целта на овој проект е да се обезбедат соодветни кревети за спиење на едно семејство во социјален ризик. За да им ја променат состојбата и да обезбедат кревети за спиење за цело семејство, тие организираат повеќе собирни акции и базар преку коишто успеваат да ја исполнат нивната цел. Тие со ова веруваат дека не подариле само предмети туку и љубов, грижа и надеж.

## 169. **ООЦК Чаир -** Срца што уште учат да љубат

Проектот е насочен кон децата од интернатот во Љубанци – нивните соученици, свесни дека децата од домот (вкупно 5 деца) не живеат со своите родители и семејство и добиваат помалку внимание, но и искуства и подароци од нив па одлучиле да направат нешто за да им ги разубават деновите. Во разговор со нив, добија информација што најмногу би сакале да прават, па за прв пат ги однесоа во Ист гејт мол, во кино и на друштвени игри. Преку активности со заедницата беа собрани средства за донација на велосипеди, таблет и храна.

## 170. **ООЦК Чаир -** Светлина за две срца

Целта на овој проект е да се олесни секојдневието на малата С. и нејзината мајка. За да го направат тоа, младинците изработија украси и честитки и за време на осмомартовскиот празник ги продавале на Базар. Преку собирни акции обезбедија дополнителни средства, но и преку организирање филмска проекција. Со помош на донација обезбедија 2 нови каучи на развлекување, а со собраните финансии од активностите купија плакар, клуб маса и подароци. Но најважно од сѐ е дека младите поминуваа време со девојчето, и помагаа околу домашните задачи и се советуваа со стручната служба од училиштето.



www.ckgs.org.mk